СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од 82-та седница на Собранието на Република Македонија,
одржана на 11.12.1997 година

Скопје, декември 1997 година

**82 (ОСУМДЕСЕТ И ВТОРА) СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 11.XII. 1997 ГОДИНА**

Дискутанти:

Дневен ред;

-Пратенички прашања

1. АЈДАРЕГА ГАЗМЕНД – 7, 8
2. АБДИ ФАИК – 15, 17, 18
3. АРСОВСКИ БРАНКО – 33
4. ГОЦЕВСКИ ИЛИЈА - 65
5. ДОКУЗОВСКИ КИРО – 11, 13, 56, 59а, 65, 81, 107, 115 (мин:за земј.)
6. ДАНЕВСКИ СЛОБОДАН - 72
7. ВИДИМЧЕ КИРЕ – 4, 25, 27
8. ЗИБЕРИ НАСЕР – 24, 30, 53, 54, 64 (мин.за труд)
9. ЈАКИМОВСКИ АЛЕКСАНДАР - 101
10. КАРОВ ИЛИЈА – 54, 55, 74, 78, 84, 87
11. КИТАНОВСКИ ЛАЗАР – 44, 46, 85, 97, 98
12. КОЦЕВСКИ АЦЕ - 18
13. КАРОВ ЗВОНКО – 52, 56
14. ЈАШАРИ ХАСАН – 14, 23, 46, 54, 104
15. ЛАЗАРОВ МИЛАН - 98
16. МУРАТИ ЏЕЛАДИН – 23 (води седн.)
17. МИНОВ ПАНЧО – 27, 28, 29
18.МУСОВСКИ ФЕРИТ - 108
19. НАСТЕВСКИ КИРИЛ – 7, 34, 60, 100
20. ПЕТКОВСКИ ТИТО – 1 (води седн.)
21. ПОПОВСКИ Г. НИКОЛА - 2
22. ПОПОВСКИ НИКОЛА - 108
23. РИКАЛОВСКИ БОРИС – 49, 86, 88, 103, 115 (мин.за стоп.)
24.РИСТЕВСКИ МИТКО - 62
25. СТОЈАНОВА СЛАВЈАНКА – 59а, 70 (зам.на мин.за финанс.)
26. СТОЈКОВСКИ БЛАГОЈА – 68, 70, 71
27. СТОЈАНОВСКИ ПЕЦЕ - 55
28. СИМЈАНОВСКИ НАУМ - 19, 30, 56, 60
29. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 31, 34, 37, 45
30. ТАНТАРОВ ВЕЉО – 9, 13, 14
31. ТОПУЗОВСКИ КИРИЛ - 38
32. ТРИПУНОВСКИ МИРКО – 47, 52
33. ТРАЈКОВ МИЛЧО – 104, 106
34. ТРПЕНОВСКИ ДИМИТАР - 110 (зам.мин.за урбаниз.)
35.. ЧИФЛИГАНЕЦ ВАНЧО - 91
36. ШАКИРИ ХИСНИ - 90

-продолжува-

**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од 82-та седница на Собранието на Република Македонија одржана на 11.12.1997 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, во сала I со почеток во 12,35 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше г-динот Тито Петковски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ја отворам 82-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Сали Рамадани, Иван Бојков, Тодосие Паунов, Марјан Начевски, Игнатие Богдановски, Симон Наумовски и Нанор Ружин, Димче Настоски Драгољуб Поповиќ и Владе Давитковски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствата на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствува м мнозинското пратеници и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети и претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Како што Ве информирав оваа седница ја свикав само запоставување на пратенички прашања.

Поради тоа предлагам на оваа седница да не се разгледуваат други прашања.

Кој е за овој предлог, молам да крене рака?

Пред да одиме на гласање деловничка интервенција бара г-динот Никола Г. Поповски.

I/2.-НН/лј

**НИКОЛА Г.ПОПОВСКИ:**

Јас сакам да се изјаснам по дневниот ред на оваа седница.

Дневниот ред по Предлог на претседателот е поставување па пратенички прашања.

Институцијата пратенички прашања од 1991 година, кога е конституиран овој парламент по мое длабоко уверување не ги дава потребните резултати и претставува една од институциите со кои ова Собранието длабоко се омаловажува од страна на извртената власт. Јас во последниве седум години сум длабоко уверен дека доколку некој постави пратеничко прашање за изградба на водовод, за изградба на телефонска централа, за евентуално стечајна постапка ќе го добие одговорот, меѓутоа, ако постави пратеничко прашање за некои посериозни области особено од сферата на надворешната политика, одбраната, внатрешните работи и друго Владата на еден вонделовнички начин нема да го достави одговорот со години.

Од причини што поради ваквиот однос на Владата ова Собрание е доведено во позиција пратеничките прашања да добијат карактер на советнички прашања во локална самоуправа предлагам Собранието да не расправа по овој дневен ред односно точката на дневен ред да не се внесе во дневниот ред, а со оглед дека е пред- ложена само една точка, седницата да не се одржи се додека Владата не одговори на сите прашања на кои според деловникот досега морала да одговори во рок од 30 дена. Меѓутоа, предлагам сите во рок од три месеци station наназад што не се одговорени, прво да одговори, а понатаму да продолжиме со друга седница откако ќе ги добиеме сите одговори.

I/3.-

Навистина е невкусно, еве и јас имам пратенички прашања за сериозни сфери кои чекаат од 12, некои од нив 24 месеци и никој од нив не помислува да одговори. Ние сега евентуално ако поставиме прашања за телефонска централа знам дека веднаш ќе ни се одговори кога е планирано, или не е планирано да се изгради. затоа предлагам пратениците да се изјаснат против точката на дневен ред пратенички прашања.

Го молам претседателот предлогот да го стави согласно деловникот на изјаснување.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Се разбира предлогот е легитимен и јас предлогот на г-динот Поповски го ставам на гласаше.

Кој е за, молам да крене рак? (27 пратеници гласаа за)

Дали има некој против? (9 пратеници се против)

Дали некој се воздржува од гласање (13 пратеници се воздржуваат од гласање).

Молам, колку пратеници се присутни во салата.

73 пратеника се присутни во салата.

Констатирам дека предлогот на пратеникот Никола Г. Поповски не е усвоен.

Молам, предложив поради карактерот на седницата на оваа седница да не се разгледуваат други прашања.

Кој е за предлогот, молам да крене рака?

70 пратеника гласаа за.

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Дали има некој против? (2 пратеници).

Констатирам дек ана оваа седница ќе се поставуваат само пратенички прашања.

I/4.-

Поминуваме на пратенички прашања.

Ве известувам дека Владата на Република Македонија достави одговори на пратеничките прашања на пратениците Јован Николов, Симон Наумовски, Фаик Абди, Томислав Стојановски, Вељо Тантаров, Славко Котевски, Слободан Даневски, Димитар Трпеновски, Газменд Ајдарага, Кире Видимче, Санде Давчев, Сами Ибраими, Звонко Каров, Аце Коцевски, Назми Малики, Дане Милошевски, Слободан Најдовски, Ване Наумовски, Владимир Соколовски, Благоја Стојковски, Ризван Сулејмани и Славко Чапов.

Дали пратениците што ги поставиле овие прашања во врска со истите имаат дополнителни и прашања .

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Јас би сакал да добијам дополнителни одговори на две мои пратенички прашања од многуте што ги поставив и за кои имав среќа да добијам какви такви одговори.

Во делот на одговорот на прашањето во врска со патниот правец Велес, Прилеп преку Бабуна досега не знам колку пати имам поставувано прашања, во секој случај повеќе од две ипол години таа тема се провлекува на оваа говорница. Добивме ветувања од тогашниот г-дин министер Бузлевски од оваа говорница дека овој патен правец ќе има апсолутен приоритет во 1996 година.1996 година помина, 1997 година помина и на крајот од 1997 година,добивам одговор буквално вака: "Според тоа, не е можно да се направи соодветна динамика за градба на овој патен правец". Значи требаше две ипол години да прашуваме и упорно да прашуваме, да добиеме ветувања и на крајот да испадне дека овој патен правец нема да се гради.

Јас барам дополнителен одговор Дали Владата на Република Македонија воопшто мисли на граѓаните во Битола и регионот ко] го покрива овој патен правец, и дали воопшто мисли овој патен прави да го гради.

I/5.-

Во делот на второто прашање во одговорот кој го добив, а во врска со неколку претходни прашања би сакал да го коментирам следното и да го дополнам прашањето. Своевремено, уште во април 1996 година добивме информација з а невработеноста која беше изготвена по барање на г-динот Аце Коцевски. Јас имав пратеничко прашање со кое барав да ми се објасни како бројот на невработени Битола во 1994, 1995 и натаму е 10713. Зборувам за периодот од 1996 година. После тоа поставив прашање за невработеноста во Битола и шансите односно мерките кои Владата ги превзема таа невработеност да ја намали. Одговорот кој го добив за овие прашања би сакал да го коментирам следното.

Прво, и во овој одговор подготвен и доставен на Собранието на 26 ноември 1997 година стои буквално вака:

"Според најновите податоци добиени од Републичкиот завод за вработување кои се однесуваат заклучно со август 1997 година бројот на евидентирани лица кои бараат работа на бирото за вработување во Битола изнесува 10713 луѓе. Пак таа фамозна бројка од 10713 луѓе.

Ве молам, дали воопшто ова како прашање до Министерството г-дата во министерството кој ги подготвуваат одговорите ги анализираат и ги разгледуваат материјалите што ги подготвуваат хронолошки и сукце-сивно или едноставно пишуваат нешто колку да ни напишат на нас пратениците.

Не е можно во рок од 6 години во Битола бројот на невработени да биде 10713 луѓе. Ѕе молам, каде живееме. Само да Ве потсетам.

Според званичната евиденција која ние како пратеници ја добиваме од Републичкиот завод за вработување, со последното из-

зестување во Битола има невработено 19431. Ќе признаете има малку разлика помеѓу 19431 и 10700.

Дополнително прашање за Владата, покрај првото е до кога Владата мисли на овој начин да ни одговара на овие пратенички прашања. Дали Владата воопшто има контакт има со реалноста.

Вториот дел од прашањето е во делот каде што прашав што Владата презема или мисли да презема за намалување на невработеноста во Битола во одговорот се наведени еден куп активности, од кои. Во програмата ФАРЕ е дадено тоа и тоа. Во фаза на испорака програмата ФАРЕ тоа и тоа. Од странска помош од Велика Британија известува тоа и тоа е реализирано. Од компензациониот фонд на ФАРЕ тоа е реализирано. Ве молам, какви се мерките на Владата. Сите овие институции што ги читам се непартиски, невладини институции. Тие се надворешни и условно речено се донации и поклон односно милостиња која ни ја даваат странските држави заради ситуацијата во која се наоѓаме. Јас бев конкретен, барав да ми се одговори кои се мерките што Владата ги презеде да се намали невработеноста во Битола. Во одговорот за жал не добив ни една мерка, а веројатно не добив, затоа што нема што да кажат, бидејќи бројот на невработени во Битола е во перманентен пораст. И верувајте дека многу, многу повеќе од тие фамозни 10713 лица.

Ве молам, за понатаму да не влечете за нос нас пратениците бидејќи го влечете сепак парламентот за нос изнесувајќи факти кои се далеку, далеку од вистината.

Би сакал по можност за оваа бројка од 10713 невработени да добијам веднаш усмен одговор.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали некој претставник на Владата во врска со првото прашање усмено сака да одговори? (Не).

I/7.-

А во врска со второто, има ли претставник на Владата.

Беше тука министерот за труд и социјална политика. Добро еве кога ќе дојде министерот ќе го замолиме да ги одговори на прашањето.

Г-дин Ајдарага за дополнително прашање.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани пратеници.

На една од последните седници поставив прашање што намерава Владата да чини за заштита на река Радика од загадување. Ми беше даден одговор кој што мислам не заслужува да се даде. Затоа што сиот одговор се однесува на некој друг треба да преземе мерки односно националниот парк итн. Мислам дека треба искрено да се одговори дали Владата нешто намера да преземе за заштита на таа река, која што Некогаш Г-Динот не Лепавцев ја нарече убавица.

Дополнително барам ако мисли Владата преку своите институции нешто да преземе за заштита на реката Радика нека ми одговори дека мисли, ако не мисли нека каже дека нема средства и не може да мисли за тоа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали претставникот на Владата во врска со ова усмено ќе одговори? Не.

Има збор г-динот Настевски, заменикот на министерот за урбанизам.

**КИРИЛ ПАСТЕВСКИ:**

Прашањето беше поставено во форма дали Владата односно министерството во врска со заштитата на реката Радика план за заштита на реката Радика. Во одговорот точно е одговорено дека заштитата на

реката Министерството за урбанизам ја прати согласно законот за заштита на животната средина и природата. Со оглед на тоа што ако пратеникот смета дека под заштита треба да се вложуваат средства за изградба на коритото тогаш е тоа сосема друга работа и затоа треба да бидат изготвени проекти, инвестиција да се определи и така таа река да ја добие својата форма. Меѓутоа, заштита од загадување ја прати постојано надлежната инспекција согласно законот за заштита на животната средина и природата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-динот Ајдарага по се изгледа не е задоволен ниту од овој одговор.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Ќе се воздржам од кажување на тешки зборови, меѓутоа не сум задоволен, што подразбира заштита јас мислам дека не треба да зборуваме, да се убедуваме. Како се прави заштитата ако не се прави со проект, не знам како може да се заштити.

Затоа еве дополнително прашање ако не бев јасен досега. Министерството да ме информира колку пријави поднело против лицата што ја загадуваат реката Радика правни и физички.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници, јас имав поставено десетина прашања, многу села се, 60 села од мојата изборна единица, од секое село по едно прашање 60 прашања меѓутоа, добив само 5 одговори и од овие одговори воопшто не сум задоволен.

Прво на прашањето колку пченица беше ланската година посеана, каков беше нејзиниот бериќет и дали заврзот од 1998 година ќе има нова откупна цена. Министерството за земјоделство рече во прашањето дека цената на пченицата од родот за 199 8 година ќе биде позната во текот на месец декември. Пченицата што е посеана е посеана, сеидбата е завршена, цена сеуште нема. Прашувам, за кој декември се мисли, 1998 или некоја друга година.

Проблемот со увозот на шеќер е познат на ова прашање добив одговор од министерот Рикаловски, за жал не е тука, а не знам дали некој ќе може да одговори.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ќе дојде министерот Рикаловски, ме извести дека има странска делегација.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Тогаш г-дине претседателе ова прашање сега не мора да го поставам.

За министерот за развој имаше прашање што станува со вклучувањето на селото Арматос во редот на ридско планински села или за останати села во нашата држава. Добиен е одговор дека со време грешката е исправена и ова село влезено во оваа категорија ка села, во одговорот да launched реченеме дека и кон ова село ќе почне да се гради патот во должина од 5 километри. Меѓутоа, ова министерство ја поддржува градбата на оваа делница, меѓутоа не кажува кога.

II/2.-

Ова село чека скоро 50 години пат. Арматос има 11 деца што дневно патуваат по 10 километри по беспаќе и одат на школо во Дебарци. Дополнително прашувам кога Министерството за развој планира да оддели средства преку својата агенција за да почне да се гради овој пат.

Имав три прашања до Министерството во чија надлежност се наоѓа електричната енергија. Прашав дали Владата на Република Македонија планира пареата од трите битолски електрани да ја искористи за загревање на домаќинствата во Битола, Прилеп, Ресен, Демир Хисар или на цела Пелагонија. Потоа прашав дали се прави проект за искористување на водената пареа и за изградба на оранжерии околу овие термоелектрани. И на крајот прашав кога селата од општините Новаци, Добушево, Бач, Старавина и Битница ќе добијат квалитетна електрична енергија.

На прашањето во врска ;.со тоа дали се планира преку битолските термо-електрани да се воведе загреваше на домаќинствата во четирите битолски пелагониски општини одговорот гласи дека турбините на битолските термоелектрани не се градени за оваа намена и не можат за тоа да служат.

Дополнително би прашал, што треба да се направи овие турбини да произведуваат и пареа за затоплуваше на овие домаќинства. Или пак прашањето со загревањето на столицата Скопје се реши, па за Битола, Прилеп не е толку важно.

На второто прашање во врска со изградба на оранжерии околу РЕК одговорот е ист,а на прашањето кога битолските села ќе добијат квалитетна струја уште немам одговор. Во одговорот е ставено дека до година се планира да се градат неколку нови трафостаници во селата Лажец и Бач и за жал Новаци, кој се наоѓа на еден километар од РЕК Битола и сеуште нема квалитетна струја. Сметам дека ваквиот однос со електричната енергија, на подрачјето каде што се произведува електрична енергија треба што побрзо да се реши.

Значи дополнително прашувам дали само во овие села ќе има нови трафостаници, тоа се три села или тие трафостаници ќе бидат со поголем обем, затоа што моментално ниту едно битолско село нема добра струја.

И на крајот прашањето со изградба на патот Старабина-Рапеш и Добровени-Кочивек. Одговорот на прашањето за изградба на патот од Рапеш до Старавина е ваков. Велат дека овој пат ќе се гради откога ќе почне да се гради хидроелектраната Чебрен. Чебрен се гради пет векови, дали уште толку ќе чекаат овие селани да добијат свој пат. Мислам дека овој одговор е доста смешен и треба конечно да се каже патот за Мариово ќе се гради, или Мариово и понатаму ќе го оставиме заради тој пат да се пушти, наместо тие луѓе да останат таму каде што се да одат во Битола или да бегаат на печалба во другите земји.

Прашањето со патот за село Скочивир тоа е републички пат во должина до 1,5 километар се одговори дека нема пари. Чудно е како за 1,5 километар републички пат не може да се најдат пари. Јас мислам дека можеше да се најдат пари ако требаше тие пари да одат да се употребат во Скопје. Само нека им е чест на сите. Ние сме таму на теренот ќе газиме кал, ќе викаат по нас луѓето за едно патче.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

По однос на првото прашаше ќе одговори министерот Докузовски.

**КИРО ДОКУЗОВСКИ:**

На прашањето околу заштитната цена на пченицата дека треба да биде објавено во декември, во декември ќе биде објавена Меѓутоа, сакам да информирам. Нашата цена на пченицата за 1998 година ќе се

потпира на моделот што значи 30% пониска цена од светската цена. Ние очекувавме, и такви параметри правевме дека е можно да оствариме повисоко ниво на светската сцена за да дојдеме до тоа ниво. Бројките покажуваат дека таа е испод 10 денари меѓутоа, нашиот концепт е да се задржиме на истото ниво. Кога сум тука да кажам дека пченицата се сее и без заштитна цена, бидејќи пазарната цена е таа што треба да биде основна ориентација да ги тераме нашите претпријатија да договараат пченица уште сега.

Од тие причини, и ориентацијата на сеидбата во Македонија е позитивна, кога се во прашање житариците. Да спомнам дека таа се остварува успешно, иако времето не задоволуваше, Македонија ја остварува сеидбата со 89% пченицата, а вкупната сеидба е околу 91% состојба на 5.12. Според тоа, ќе биде заштитната цена, меѓутоа нема и функција да биде и пазарна цена, бидејќи таа да биде наша заштитна цена, бидејќи функцијата за таа заштитна цена е да се гарантира дека ќе биде по таа цена која Владата ја потпишува.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Господине селски министер. Дали сте вие ...

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Немојте вие, господинот Докузовски е министер за земјоделие, шумарство и водсотопанство.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Мислам дека министерот не се лути што е селски министер.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Тоа е негово прашање но сепак ние да комуницираме според..

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Дали вашето министерство е убедено дека она што го предлагате да биде на ниво на светската цена рентабилна за нашата држава. Тоа е едно и второ, повторно давате некоја утеха дека сепак сте на онаа светска цена со која се бара да се намали цената домашна што е сега на сила и ќе биде таа во рамките на цената што беше , односно во рамките на цената што требаше да се зголеми. Има ли земјоделец што може да издржи таква цена пет години да не се промени, за 5 години репроматеријалите за производство на жито се зголемени за 5 и повеќе пати.

**КИРО ДОКУЗОВСКИ:**

Прво што да правиме ние мора да се рамниме во светски и други норми, бидејќи тоа е пазарот. Тука е пченицата. Ние сега ќе кажеме отворено дека имавме префорсирана цена на пченицата претходните две години. Тоа беше добро за земјоделците. Меѓутоа така повеќе се не не оставаат, ниту можеме да одиме. Тоа е пазарна економија.

Второ прашање дали навиките што постеја кај мелничко-пекарската индустрија кој им е капацитетот 300 илјади тони и повеќе и тоа што беше од 1992 година наваму ова кога се изградија 62 приватни млинови со капацитет од 120 илјади тони да ги одвикнеме државата да им набавува пченица од увоз, туку да ги натераме да се ориентираат кон нашите производители, благовремено да договараат производство. Тоа се случи годинава, јас сум уверен дека тоа ќе се случи и во 1998 година уште повеќе, бидејќи државата нема да ги обезбедува со суровини тие што имаат капацитети, освен она што е потребно на државата.

Второ, да не се служиме со стари бројки, тие секогаш не се исти од август 1997 година државата се откажа со царините кога се во прашање репроматеријалите за земјоделството. Просечно 28% се смалија

царинските тарифи, кога се во прашање пестицидите, кога се во прашање ѓубривата меѓутоа не дојде до прав ефект, бидејќи една е фабриката. Ист е случајот и кај семињата до увоз. Меѓутоа, тоа не значи дека сега министерот, селски сум, се гордеам што сум селски министер, се гордеам што е така. Цената на пченицата никогаш не е висока секогаш таа ќе биде мала. Меѓутоа, ние мораме да се движиме во тоа што не опкружува. Морам да кажам дека минатата година ние исто расправавме околу ова прашање, сега практиката покажува дека не е таква ситуацијата. Цената светска дали е голема или мала кажувам дека засега е 9,60 денари, ние ќе ја окружиме на 10 денари.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали сте задоволни?(Во ред) Со второто прашање во врска со патиштата ,проектирањето во писмена форма. Ќе добиете одговор во писмена форма.

Дали имаме некој од Министерството за сообраќај (нема) Според тоа и вие и за ова прашање г-дине Танатаров ќе добиете одговор во писмена форма.

**ХАСАН ЈАШАРИ:**

Што се однесува до учениците од селото Арматос , тие се 8 ученици и нема пат за да одат во училиште. Наша законска обврска е да им обезбедиме превоз. Меѓутоа, со оглед на фактот дека нема пат ние се обидуваме да им обезбедиме сместување во Битола, домско сместување. Мислиме дека на тој план така може да се реши тој проблем.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Господине заменик министре од Арматиш во Дебарци учат 11 ученици од I до IV одделение. Не може да им се обезбеди домско сместување на мали деца во Битола и од Битола да доаѓаат 20 км. на

училиште во село Дебарци. Сметам дека проблемот со патувањето на децата треба да се реши поинаку. Вашето министерство ветуваше дека Арматош ќе добие еден цип и со тој џип децата ќе можат секој ден да одат и да се враќаат на училиште и да не ги тргаат тие маки. Меѓутоа, сега за сега нема трага ни од џип, ниту пак од некое друго возило значи не доаѓа предвид домско сместување на 11 дечиња од Арматош во Битола и од Битола да доаѓаат во село Арматош.

**ХАСАН ЈАШАРИ:**

Тоа што го реков ни е законска одредба и тоа се одредува со член 50 од Законот за основно образование и учениците доколку родителите се согласуваат да се сместат во домот учат во Битола а не во Дебарци.

**ФАИК АБДИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, почитувани министри, заменици итн.

Излегов да прокоментирам одредени одговори на мои прашања заради тоа што одговорите се такви како да како што велат србите како сам сакао да кажам, како даоне сум знаел што да кажам, што барам, или пак како да не сум во тек со одредена материја. Заради тоа ќе се послужам со одредени одговори на пример би поставил прашање што станува со отварањето на лекторатот по ромски јазик на Филолошкиот факултет во Скопје. Одговорено ми е дека за тоа воопшто не станало збор во никоја институција, во институциите на Министерството за образование. Јас имам една белешка од еден заеднички состанок на 3.07.1992 година поранешна републичка заедница за насочено образование на која што присуствуваа д-р Димитар Мирчев, м-р Јорданка Митревска, д-р Живко Цветковски, Шаип Исан, Владо Мотов, и м-р Атанас Аврамовски. На овој состанок присуствуваше само 10 минути м-р Фаик Абди. Се разговараше за образованието на ромите и под точка

II/8.-

3 заклучокот е следен. Работната група заклучи дека е потребно во Филолошкиот факултет да се подготви соодветен елаборат за отворање на лекторат по ромски јазик на Филолошкиот факултет во кој ќе ги обработи сите битни прашања сврзани со неговото отварање. Понатаму се вели елаборатот треба да се изготви најдоцна до 15 октомври 1992 година, а потоа истиот согласно со позитивните законски прописи да се достави до Универзитетот "Свети Кирил и Методиј" и до Министерството аз образование и физичка култура.

**ФАИК АБДИ:** (Продолжение)

Долу е потпишан, белешката ја составил Атанас Аврамовски. Не би сакал сега одговор, туку ова да го има предвид Министерството за образование и ако нема материјали нека се обрати до Советот за меѓунационални односи, до секретарката. Таму постојат релевантни податоци, материјали и тн.

Овде поставив прашање во врска со изградбата на еден голем гигант во Скопје, Фабрика за производство на амбалажни папири, 45 илјади тони. Мора да знаеме, тоа стручњаците го знаат, дека најмалку 60 до 70 илјади тони годишно производство, според пазарот се амбалажираат со соодветна амбалажа. Ако нема амбалажа, производството се враќа назад, било во земјата било надвор од неа. Меѓу другото таму напомнав дека ќе се произведат некои амбалажни хартии кои ги немаме овде, и денес ги немаме, а тоа се натон хартија, крац лајнер, тес лајнер и цутинг, па и лајмен картунг кој што може да послужи како замена на хромокартонот. Знаете што одговор добив? Како да не им беше јасно на некои од Владата или пак на некого од Фабриката "Комуна" дека се работи за полухемиска целулоза. Воопшто не е тоа прашање, па соодвeното министерство нека се поврзе со моите од Комуна, затоа што помеѓу другите и јас сум еден од авторите на таа програма која е готова која чека на реализација и господинот Топаџаревиќ Димитар, во заедница со Индустриски биро - Љубљана. 1980 година програмата е направена, дадена во оглас, издаден тендер, уште тогаш е распишан, има кој што дава пари тогаш од Западна Германија, сега е Германија и тн, нека се повтори ова работа.

Има една работа која не трпи одлагање. Бев поставил прашање, иако немам одговор, до Агенцијата за помагање на неразвиените подрачја во Република Македонија. Иако немам одговор, молам ова

прашање Министерството за правда да го актуелизира што поскоро, затоа што имаме 123 општини, а буџетот ќе го усвоиме за некој ден, таму има позиција за неразвиените подрачја во општините и тн. Имаме 123 општини верувам дека сите пратеници односно целата јавност на Република Македонија е заинтересирана за оваа материја. Ве молам ова прашање да се види што поскоро да најде свое решение.

Благодарам, толку, а за нови прашања ќе се јавам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Значи одговорот го барате во писмена форма.

**ФАИК АБДИ:**

Да. По писмена форма.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господинот Коцевски сака да постави дополнително прашаље.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министи и заменици министри, почитувани пратеници, најпрво пред да ги поставам дополнителните прашања би сакал да го искажам своето незадоволство од малиот број присутни министри во салата каде што треба да поставуваме прашањз а посебно од неприсуството на премиерот поради фактот што Собранието и понатаму продолжува да ја девалвира институцијата пратенички прашања која е замислена како еден од најсилните механизми за контрола на власта.

На Седумдесет и првата седница на Собранието, до министерот за образование и физичка култура го поставив следното прашање:

Дали имало злоупотреби при уписот на факултетите со наменско менување на националната припадност на кандидатите студенти македоци, со цел полесно да дојдат до индекс на Универзитетот "Свети Кирил и Методиј" - Скопје и дали е точно дека на списокот на примените

студенти по тој основ како припадничка на ромската националност е дпримена госпоѓицата Трајановска Петре Билјана, ќерка на пратеникот на СДСМ Петре Трајановски.

Во меѓувреме од страна на министерот за образование и физичка култура добив еден одговор, кој си земав за слобода да го окарактеризирам, затоа што културата не ми дозволува да бидам погруб, како навредлив,несериозен и смешен и кој е сочинет повеќе за да ја прикрие состојбата отколку да даде конкретен одговор на многу конкретно поставеното прашање.

Во одговорот кој е доста подолг, меѓу другото, е кажано дека на Универзитетот "Свети Кирил и Методиј" постои комисија за следење на реализацијата на конкурсот во согласност со конкурсните определби и дека до оваа Комисија, според информациите добиени од Универзитетот "Свети Кирил и Методиј" Скопје, не е доставена забелешка која упатува на повреди на конкурсот во однос на прашањето за изјаснувањето на кандидатите за националната припадност, ниту за начинот на приемот односно добивањето на статус на студент на кандидатот Трајановска Петре Билјана.

Мене посебно ме заинтригира одговорот од министерската и повикувајќи се на информациите кои претходно ги имав, во изминатиот период направив мноштво контакти со одговорните луѓе во Универзитетот, кои ја водат оваа Комисија и со одговорните претставници на факултетите на кои се случуваат вакви манипулации. Според мене, ова не е обичен проблем, за кој треба да се разговара како за проблем со кој се вршат манипулации,туку би го издигнал на многу повисоко рамниште поради чувствителноста кон националоната припадност.

Од добиениот одговор може да се заклучи дека министерот за образование воопшто не се погрижил да стапи во контакт со одговорните

ните од Универзитетот и од факултетите затоа што доколку го сторил тоа, ќе добиел одговор од нив дека постојат многу злоупотреби при уписот на студентите со националната припадност. Тоа одговорно го тврдам од разговорите со проректорот за настава на Универзитетот "Свети Кирил и Методиј" како и со одговорните од неколку факултети на кои тоа се случува. Дури, тие имаат многу повеќе забелешки и ми дадоа многу повеќе сознанија отколку што јас претпоставував дека можело тоа да се случува.

За да бидам поубедлив, ќе ви покажам дека располагам со еден цел список добиен само од Филолошкиот факултет, на кој како припадници на националностите може да се прочитаат безброј македонски имиња и презимиња. Каде е во сето тоа одговорноста и моралниот однос на министерот за образование и физичка култура.

Од сета оваа ситуација испаѓа дека најоштетени во оваа наша македонска држава се сиромашните граѓани од Македонија кои немаат пари, немаат дебели врски ниту влијанија, ниту преку пратеници, министри и други луѓе од Универзитетот, за да ги запишат своите деца по било кој основ, па само тие се осудени да плаќаат 2000 односно 2400 марки годишна партиципација за да ги запишат своите деца на Универзитетот. Другите поснаодливи луѓе кои се наоѓаат во овие клупи или кои можат да најдат врски со луѓе кои се во овие клупи очигледно успеваат своите деца иако понеспособни затоа што добиле само 60-тина бодови да ги запишат како роми, турци, албанци, власи и тн. на Универзитетот "Свети Кирил и Методиј", за да ја избегнат можноста да платат 2000 марки за партиципација. Поради тоа сметам дека ова е голем проблем затоа што се работи за наменско менување на националната припадност и изигрување на законот за да се стекнат привилегии и дека ова ги доведува во обесправена положба студентите македонци кои освоиле над 90 бодови а не успеале по регуларен пат да се запишат, а како

наводни припадници на некоја друга националност само со 60-тина бодови успеале да го запишат и да го изиграат законот. Поради тоа ние како припадници на македонската нација воопшто немаме право да се лутиме на појавата а која имаше информации во последно време, одредени македонски студенти да се изјаснуваат како бугари, за да добијат стипендија од бугарската влада да студираат на некои од бугарските универзитети или да се лутиме на македонците од Мала Преспа и од Голо Брдо затоа што ја прифаќаат хуманитарната и останатата помош што им ја нуди Република Бугарија и за возврат на тоа се декларираат како бугари а не како македонци.

За господинот Петре Трајановски, посебно не би сакал да збобрувам, тоа зборува за неговиот морален однос, затоа што е потврдено од Економскиот факултет, од продеканот за настава и од секретарот дека неговата ќерка како припадник на ромската националност е запишана на факултетот со далеку помалку бодови во споредба со другите студенти кои не успеале да се запишат.

Поради тоа, го повторувам истото прашање до министерот за образование и физичка култура и го замолувам да направи подлабински согледувања и да не удостои со одговор на поставеното прашање.

Тоа е во врска со првото прашање.

Мислам дека беше на 64-та седница на Собранието, до министерот за стопанство доставив прашање во врска со водењето на стечајната постапка во Трговското претпријатие "Велес-пром" од Велес. Исто така во врска со овој случај во меѓувреме направив повеќе контакти и дојдов до сознанија дека несогласност, во согласност со законските прописи кои ја регулираат оваа материја, Стопанската банка - Филијала Велес без да добие овластување од Дирекцијата на стопанска банка со седиште во Скопје, дала банкарска гаранција, иако не е доверител во случајот на "Велес-пром" воопшто "Велес-пром" не должел на Стопанска банка, се

јавува во улога на доверител, давајќи банкарска гаранција и со тоа со одлука на Стечајниот совет на Судот во Велес стекнува право да има 51% во одлучувањето и управувањето во ТП "Велес-пром" кое се наоѓа во стечајна постапка.

Поради тоа го поставувам следното прашање дополнително:

Според кој закон Стечајниот совет на Судот од Велес дозволи Стопанска банка - Филијала Велес да управува и раководи со над 51% од вкупниот капитал на Велес-пром. Да потсетам дека Стопанска банка до 31.12.1996 година воопшто не била стечаен доверител на ТП "Велес-пром" Велес.

Исто така, "Велес-пром" од Велес располага со капитал од околу 20 иљади метри квадратни недвижен атрактивен имот, чија вредности се проценмува на околу 5 милиони германски марки. Веројатно поради тоа е големиот интерес за правење разни ујдурми и манипулации во врска со стечајната постапка. Акб долгот на Велес пром спрема доверителите изнесува некаде околу 1,5 милиони германски марки, а капиталот на Велес пр 5 милиони, Стопанска банка со само 105 иљади германски марки кои ги издвојува за неплатените придонеси кон Фондот за пензиско и инвалидско осигурување си дозволиле односно стечајниот совет дозволил само со колку платени средства таа да стекне право на управување над 51% и раководење во истото претпријатие.

Истото отвора простор за поинакви и други интереси на поединци кои во случајот се кријат зад Стопанска банка а во прашање се веројатно лични интереси заради многу атрактивниот простор со кој располага ТП "Велес-пром се играат наводно со интересите нас вработените во ТП "Велес-пром" а во суштина дебело зад тоа стојат лични и групни интереси, затоа што ова го оценувам како една голема ујдурма на дел од владеачката партија во општината Велес, поаѓајќи од фактот

дека директорот на Стопанска банка - Велес е еден од советниците во Собранието на општината и дека зад ова стојат и заменикот министер за развој, директорот на Агрокомбинатот "Лозар" и неколку други луѓе кои сакаат на крајот од стечајната постапка да извлечат дебела корист во врска со овој случај.

Поставувам дополнително прашање за да ми се одговори според кои законски прописи е дозволено, од страна на Стечајниот совет во Велес, да се направат вакви игри во врска со водењето на стечајната постапка.

Доколку сте во можност министрите - не ја гледам тука министерката за образование, доколку е подготвен заменикот министер препорачувам да се одговори усмено.

(Во меѓувреме на претседавачкото место се најде потпретседателот Џеладин Мурати).

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој од присутните министри може да одговори на поставените дополнителни прашања.

Ома збор господинот Јашари, заменик министер за образование и физичка култура.

**ХАСАН ЈАШАРИ:**

Со оглед на фактот дека прашањето е многу широко поставено со бројки и со оглед на фактот дека повеќе пати беше спомната госпоѓата министер за образование Софија Тодорова, ние ќе се обидеме на некој начин сите податоци да ги прибереме и по писмен пат господинот пратеник ќе добие одговор.

III/8.-

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг од присутните министри ќе одговори на другото прашање или останува одговор во писмена форма.

Останува господинот Зибери да одговори на прашањето на господинот Видимче.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Најпрво околу забелешката за присуството на членовите на Владата околу оваа седница и воопшто кога расправаме за пратенички прашања. Апсолутно се согласувам дека институтот пратенички прашања треба до крај да се испочитува, зашто тоа всушнот е една од формите и за контрола на власта и едно комуницирање меѓу пратениците и министрите. Меѓутоа, ѓоспода пратеници дозволете прво да кажам дека има повеќе присутни членови и заменици на министри отколку пратеници во салата. Како второ кога ги закажувате седниците, бидете прецизни. Оваа седница со оваа точка на дневен ред беше закажана за вчера во 15,00 часот, па беше одложена и презакажана за денес во 11,00 часот. за да започне во 12,00 часот со други точки за да продолжи пред еден час со пратенички прашање. Доколку сметате дека треба да бидеме врзани само со седницата што би ја чекале кога ќе се поставуваат пратенички прашања и да ги запоставиме сите други прашања кажете тогаш и ние ќе дојдеме тука и постојано ќе бидеме присутни. Еве, јас да ви кажам, ја напуштам седницата за 15 минути зашто уште пред една недела имам закажано средба со австрискиот амбасадор во 14,00 часот. Немојте така, ве молам.

Што се однесува конкретно околу бројката што се спомнува за невработените во Заводот за вработување во Битола, ако не грешам ова се повторува по втор пат или трет и имам едно несогласување околу податоците.Јас морам да ви кажам уште еднаш дека официјален податок

кој е добиен од официјален орган е бројката од 10.713 невработени и ве е дадена и структурата и полова и стручна и образовна. Со друг податок ние не располагаме и друг податок не можеме да ви дадеме зошто тоа би било само исполнување на Вашата љубопитност да имаме друг податок освен овој што ни е доставен и со кој располага официјално Заводот за вработување. Тоа не значи дека постојано тој треба да се ажурира и во меѓувреме да добиеме нов податок со поажурирани бројки. Со ова сакам на релацијата точен број на невработени, евидентирани во Заводот за вработубање за Битола е бројката која ви е спомната. Бројката што вие перманентно ја вртите тука, дека сте ја добиле од Заводот, јас не знам каква е таа, вие можете со било каква бројка овде да излезете и да тврдите дека таа е таа, а министерството секогаш ќе ја изнесе бројката што ќе ја добие од надлежните органи.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор господинот Видимче.

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Пред се, ќе си земам малку слобода да коментирам за процедуралната реакција на господинот министер. Пред се седниците на ова Собрание ги закажува претседателот на Собранието, а не ние пратениците и да ве дополнам, седницата беше закажана за вчера во 11,00 часот па беше презакажана за 15,00 часот, па за денес. За жал ние сме само неми сведоци на она што спрегата претседател на Собрание-Влада го прават со нас пратениците и најдобро ќе биде ова што го кажавте да го упатите спрема претседателот на Собранието и да се обиде барем еднаш да воспостави ред во оваа работа, бидејќи ако се сеќавате јас имав и иницијатива со која барав еднаш месечно ние како пратеници, заедно со вас како министри да имаме расправа на оваа тема.

III/10.-

А што се однесува конкретно до прашањето би се обидел и би го замолил господинот министер да најде барем еден од оние вакви извештаи кои ние како пратеници редовно ги добиваме од Републичкиот завод за вработување, барем еден обидете се да најдете. Јас ќе ви го отворам најстариот што моментално го имам кој е од 12 февруари 1996 година. Моментално во себе го носам најстариот извештај од 12 февруари 1996 година, а ги имам многу, еве ги полно се и во него стои бројката 16.540 невработени. Во најновиот кој го добив сега пред неколку дена носи дата од 18 ноември 1997 година бројот на невработени е 19.341. "Затоа во името на она зашто се залагаме сите односно вистината, вие како министер односно како Министерство мислам дека е ред ако имате желба за реалност на податоците, да се обидете да ги најдете овие извештаи. Кога ние како пратеници ги добиваме секој месец по пошта.

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:** (Продолжение)

Извештаите ги добивам по пошта редовно, а вие на ваше инсистирање добивате бројка 10713 која во вашите извештаи се провлекува од 1990 и н езнам која година. Бидете малку реални дали има теорија да остане бројот до еден еднаков. Нема теорија. Има природен прилив и придорен одлив. Очигледно во вашите размислувања нешто фали. Обидете се во вашето министерство да си ги најдете фалинките и мааните и пробајте да ги добиете овие извештаи кои се од званична институција, веројатно ќе ги праќаат и кај вас по пошта овие извештаи и тогаш ќе знаеме точно дека во Битола моментално има близу 20.000 невработени, а не 10.000 невработени.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Господине претседавач, бидејќи најавивте дека ова е последно од прашањата кои како дополнителни по примените одговори се поставува и бидејќи почитуваниот потпретседател на Владата најави дека заради обврските ќе биде отсутен, предлагам да се дозволи на оние пратеници кои што имаат непосредно обраќање со пратенички прашања до потпретседателот на Владата да бидат први по редоследот на поставување на прашањето. Во таа насока се јавувам

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Ве молам, има ред по кој се пријавени пратениците.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Во таа насока се обраќам до потпретседателот на Владата и актуелен министер за труд и социјална политика г-динот Насер Зибери. Прашањето има за предмет во однос на законот.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ**

Дали поставувате ново прашање?

**ПАНЧО МИНОВ:**

Ново прашање.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ**

Не сме започнале уште со тоа. Ве молам за нови прашања има редослед на пријавени пратеници, ќе ви дадам збор кога ќе ви дојде редот.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Јас се обраќам во однос на тој редослед бидејќи има нов момент.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има реакции. Секој како се пријавил сака да биде тука присутен.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Мислам дека е логично и природно ако министерот за труд и социјална политика ќе биде отсутен, а има некои прашања директно до него да се постават.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Ве молам, можеби ќе се врати до тоа време, ла ќе го поставите прашањето во негово присуство.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Барам да се изјасни Собранието за овој предлог.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Го поставувам на гласање, предлогот на г-динот Минов. Дали Собранието се согласува тој е 28 по ред пријавен да постави прашање, да биде прв меѓу тие кои поставиле прашање. Кој е за, молам да крене рака.

Седум пратеници. Значи не е прифатен предлогот г-динот Минов да биде прв.

**НАУМ СИМЈАНОВСКИ:**

Почитуваниот министер г-дин Зибери потпретседател на Владата ана Република Македонија во своето обраќање кон Собранието истакна дека за 15 минути има закажан состанок пред недела дена со амбасадорот на Република Австрија во Република Македонија. Мислам дека првенствена задача на извршната власт е да ја обавува функцијата која е во интерес на Република Македонија, а тоа е во овој момент односот и третманот кон Собранието на Република Македонија како највисоко законодавно тело на Република Македонија. Инаку, да потсетам членовите на Собранието на Република Македонија, пратениците ги избираат министрите и

потпретседателите во Владата на Република Македонија. Ако ценетиот потпретседател мисли дека по приоритетна задача е остварувањето на државната политика на Австрија преку својот претставник амбасадорот на Република Австрија пред државните интереси на граѓаните на Република Македонија слободно нека може да оди. Но, барам во рамките на Деловникот за работа на самата Влада како главен репрезент на Владата на Република Македонија да присуствува еден од преостанатите потпретседатели на Владата.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Ќе ја исполнам желбата на г-динот Симјановски, ќе останам и покрај закажаниот состанок. Веројатно ќе наидам на разбирање кај амбасадорот на Република Австрија. Меѓутоа, г-да пратеници и и г-дине Наум Симјановски најмалку од вас го очекував ваквото карикирање на тезите. Што се однесува до односите Собрание - Влада треба да знаете дека веќе Собранието не е највисок орган. Собранието е само носител на законодавната власт, а Владата е носител на извршната власт. И тука ни се чисти ситуациите. Ние ќе го извршуваме нашиот дел од обврската, вие вашиот. За ова дека деловничко право е на пратениците да поставуваат пратенички прашања никој не го негира и ќе се обидуваме да бидеме што поприсутни, но реков треба да се исполнува условот кога ќе се закаже седницата, тогаш и да се одржува.

**НАУМ СИМЈАНОВСКИ:**

Навистина заслужува респект ваквиот однос на потпретседателот на Владата и е за поздравување. Ценам дека и останатите негови колеги ќе тргнат по неговиот пат доследно да присуствуваат на седници на Собрание кога се поставуваат пратенички прашања. Мислам ова е навистина за поздравување.

Што се однесува до прашањето која над која власт е во Република Македонија на повеќе наврати е дискутирано од оваа говорница. Сепак треба да потсетам дека извршната власт е бирана, а исто така може да биде и променета и заменета од Собранието на Република Македонија а не обратно.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас морам да бидам задоволен бидејќи од 10 поставени прашања добив одговор на пет, а ќе коментирам само по едно кое што е многу важно и има едно пошироко значење. Прашањето беше поставено до Министерството за стопанство, се однесуваше на двојното оданочување од 5% на производи и услуги при користењето на електричната енергија. Да не ве заморувам, формулацијата на прашањето е јасна. Мојата интервенција беше за што барав и информација дека покрај малопродажната цена повторно се вградува и дополнителен данок од 5% која што вредност не е занемарлива и за периодот за кој што е направена оваа анализа изнесуваше значајни 25 до 30.000.000 германски марки. Одговорот на пратеничкото прашање е дека со одлука на Влада се формираат цени итн, за да се заклучи дека пресметувањето на данокот на промет по стапка од 5% не е прекршок на донесената одлука од продажната цена на електрична енергија од страна на Владата на Република Македонија. Јас поседувам "Службен весник на

Република Македонија" 15 од 1996 година во кој што таксативно се одредени малопродажните цени на електричната енергија во кој што е вграден и данокот на промет од 5%. За да овој мој аргумент биде по убедлив пред да го поставам јас пратеничкото прашање и пред да барам информација и пред Демократската партија на Македонија да постави иницијатива до Уставниот суд на Република Македонија обезбедив одговор по мене од најкомпетентниот во државата преку Министерството за финансии, од Управата за јавни приходи каде што децидно стои дека граѓанинот цената што ја плаќа на електричната енергија ја содржи производната цена и данокот на производи на истата и истата претставува малопродажна цена. Потпис директор Бошко Стефановски, датум 8 јули, 1997 година а сето ова се случува од 4 септември наваму. Значи одговорот не дека нема да ме задоволи мене, не може да ја задоволи и целокупната јавност и вас сите како граѓани потрошувачи бидејќи дами и господо, два пати плаќаме данок на промет на услуги од 5%. Тоа треба да се каже, треба да се прифати затоа што на тој начин дозволуваме ние во државата да не важи одлуката на Влада, да не важат законите, да Службениот весник како званично гласисо кое што ги интегрира одлуките, законите и на овој дом и на Владата се ирелевантни и нанесуваат мислам огромна штета на нас сите кои што имаме улога сепак да работиме законито. Нема потреба од други објаснувања. Владата треба на Електростопанство на Македонија да му наложи да се корегира малопродажната цена и да се изнајде погоден начин така се вели, погоден начин за да вишокот на средства кои што се земени од граѓаните, или да се вратат или да се насочат во некоја поправдана цел.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Се уште сме на старите прашања. Јас поставив на претходната седница две прашања. Првото прашање беше како Владата ќе го разрешува проблемот на домување на граѓаните во Република Македонија. Добив одговор од кој не сум задоволен и сметам дека Владата треба да даде дополнување на кој начин во 1998 година ќе го превеземе ова и дали нешто се планира во некој законски проект децидно да се дефинира: граѓаните во Република Македонија ќе имаат можност да го остваруваат правото на домување посебно зборувам за социјални категории. Тоа прашање е упатено до Министерството за урбанизам, мислам во однос на законот за домување.

Второто прашање ми беше поставено на кој начин Владата ќе го разрешува проблемот со наплата на електрична енергија на граѓани кои користат одредени социјални права. Ми беше одговорот даден дека тоа ќе го разрешуваат неколку министерства заеднички.

Лично сметам дека Владата мора да му обрне посебно внимание на овој проблем за да обезбеди начин и форма како ќе ги задоволува потребите на граѓаните во однос на наплата на струјата на социјалната категорија. Сега е оставена таа категорија со две илјади до пет илјади денари средства да подмирува електрична енергија која изнесува дури три илјади, четири илјади итн. Дали има можност Владата да издвои посебни средства за да може да потпомогне на овие граѓани да не им се прекинува струјата. Знаете дека со прекинување на струјата се губи и својот квалитет. Во тој однос значи дополнување на предходното прашање. Тоа го упатувам до Министерството за стопанство и до Министерството за финансии.

**КИРИЛ НАСТЕВСКИ**, заменик министер за урбанизам.

Во врска со делот на прашањето за домувањето сакам да ги информирам пратениците дека согласно профамата за работа на Владата на Република Македонија за последните три месеци од оваа година и за следните три месеци од следната година. Во завршна фаза е подготвувањето на законот за домување и наскоро ќе влезе во владина процедура каде што ќе бидат третирани тие прашања, а особено за домувањето на социјалниот сектор.

**ЏЕЈТАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара да постави дополнително прашање? (не)

Преминуваме на поставување на пратенички прашања.

Дали некој од пратениците сака да постави прашање до Владта на Република Македонија односно до министрите и другите функционери кои раководат со органи на Управата.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани колеги пратеници. Јас имам неколку прашања и ќе се обидам по нивната актуелност и да ги фупирам.

Проблемот со визите со Република Грција го сметам како едно многу важно прашање кое што има не само значење од она што значи наше секојдневие, она што гледаме турканици, реакции, закани со блокирање на патишта и сл., за мене повеќе има политичко прашање, крупно политичко прашање, политичко прашање поврзано со одлуките, договорите и во Дејтон

и јавно прокламираните принципи за добро соседство, комуникации, проток на капитал, идеи, луѓе стока итн. Прашање кое што очекувавме дека ќе еволуира дека никој не ќе има бариери при поминувањето на македонско- грчката граница, а се случува дека практично сите овие денови се чувствуваме и навредени и понижени до толку повеќе што веќе се работи за граѓани кои што остваруваат свои бизниси, остваруваат свои секојдневни потреби и нема да именувам јас бев толку револтиран кога меѓу оние кои што мораа да чекаат за виза се наоѓаше и еден од врвни менаџери во Република Македонија кој што нема да го именувам. Денешните информации се дека прашањето на визите ќе биде на некој начин разрешувано во јануари идната година. Размислувањата на граѓаните и моите размислувања одат натаму да гласно поставувам прашање до кога ние како Република Македонија, како граѓани ќе мораме да бидеме тие кои што во интерес на цивилизациско однесување во интерес на она што значи рејтинг на државата за предуслови за влегување во европската унија и други меѓународни институции ќе с дозволиме некој да го навредува и нашето елементарно човечко достоинство. Размислувањата за реципроцитет кои што не сакаме никогаш да ги споменеме мислам дека јавно треба да се промовираат, па и граѓаните на Грција од Тасос од Тракија, од Солун, од Крв, да одат да вадат визи кои што им се нив неопходни во Атина. Мислам дека цела Грција ќе се дигне на нога затоа што сепак ние сме многу скромни во нашите барања да се издаваат визите на граница. Ако се издаваат во Скопје д а постои еден коректен, пристоен, граѓански, цивилизациски однос во однос на она што значи два соседа кои што се обидуваат преку економските врски да придонесат и за разрешување на низа политички прашања кои што се наталожени. И во тој

поглед имаме напредок. Меѓутоа, ова што сега се случува мислам дека заслужува официјална реакција на Владата на Република Македонија.

Следното прашање е, дали Владата на РМ размислува за решавање на овој многу важен и актуелен проблем и ако размислува кои се патиштата за надминување на овој проблем?

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:** (продолжение)

Следно прашање, на Комисијата за образование и наука непријатно бевме изненадени кога во Буџетот за оваа година видовме ставка за центар за обука на кадри, професори итн., формирани со Одлука на Владата, со седиште на "Молика" во Битола, визави Педагошки завод на РМ.

Нашето изненадува&е беше непријатно затоа што ние како Комисија во која најмногу се луге професионалци од образованието, со сонедна информација не бевме запознаени, за еден таков центар.

Прашањето е, мотивите, улогата во услови на постоење на педагошки завод на РМ, не е ли тоа дуплирање непотребно на иснтитуции. Со полн респект кон образованието треба да оди напред, дека мора да имаме иновации и сл. Мислам дека сето тоа можеше да се реши преку Педагошкиот завод на РМ.

Следното прашање на тој констеит е зошто не се сеуште не се именува директор на Републичкиот педагошки завод. Оваа многу важна институција веќе две години без директор.

Дали претходното прашање е резултат на ова второто.

Следното прашање е дали Владата овие денови не ја вознемируват информациите за нелегален увоз на оружје од САД во РМ и дали смета за потребно дека во овој миг е потребно со информација да ја каже правата вистина.

Следното прашање е од областа на аграрот, прашања наменети до министерот за земјоделство, шумарство и водостоапнство.

Дали конечно кредитите наменети за земјоделието односно сточарството ќе можат заинтересираните да ги видат после повеќе месечни ветувања и проблеми на релација - средства од меѓународни

V/2,-

институции кои не се користат, банки кои што се спремни во секој меомент да ги повлечат, а не ги повлекуваат од едноставна причина што сеуште останууваат проблемите со хипотеки на граѓаните и сл.

Дали Министерството за земјоделство , шумарство и водостоапнство очекува и дали вложува напори да не се повтори минатогодишната катастрофа со пласманот на јаболката, затоа што сегашните информации одат во тој правец. Многу малку од годинешниот род е пласиран и многу мали шанси има да се пласира.

Исто така, во текстот на ова прашање, располагам со информации дека и понатаму ќе прават големи манипулации со злоупотреба на уредбата, извоз на јаболка заради можен увоз на јужно овошје од веќе познати фирми, што нема смисла да ги повторувам.

Исто така, уште едно прашање до истиот министер а кое што е веке актуелно.

Прашањето е, какви се шансите за извоз на јагнешко месо во деновите за време на празниците.

**КИРИЛ ТОПУЗОВСКИ:**

На првото прашање како се остваруваат кредитите од земјоделието кои се ветени и најавувани би одговорил следново:

Прво, постојат две кредитни линиции. Едната е 4 милиони марки со кредитни услови, 8% годишна каматна стапка, 20% учество и до максимална висина на кредитот од 160 илјади германски марки. Тој кредит се остварува преку 5 банки и тоа: Радо банка, Комерцијална банка, Битолска банка, Стопанска банка на Битола, Тутунска банка ма Македонија и Макбанка - Скопје.

V/3.-

За остварување на овие кредити Министерството ангажираше 10 кредитни советници што ги обучи да работат спрема проекти по методи од Светската банка. Тие таа своја обука ја завршија и во Македонија, лоцирани во повеќе градови, ја остваруваат таа дејност и подготвија проекти во висина од над 6 милиони марки. Според тоа, изработените проекти, поднесени до банките, се над оваа висина.

Што е тоа што сега не достасува.

Во сите тие активности што ги правевме како министерство, организиравме средби и со банките иако Светската банка ни сугерираше не би требало министерот да врши влијание врз банките затоа што се тие самостојни институции во оваа сфера. Меѓутоа, сепак оцени за обврска и одговорност, иако ја носам подобро спрема нив отколку спрема вас, да преземам таква иницијатива и да го направам тоа што го направив.

На состанокот што го организирав со банките беше констатирано тоа што беше потенцирано дека најголем проблем претставува прашањето на хипотеките што треба да ги дадат земјоделците. Меѓутоа, беше договорено дека мора и банките да се свртат кон тоа и директно да се уверат во своите комитенти дека секако ризикот не е така голем како што тие сметаат, или да ги елиминираат тие каде што претпочитуваат дека е ризик. Тоа м орам да го кажам денес дека во банките се наоѓаат многу барања, меѓутоа најактивна во тоа е Радобанка која до вчерашниот ден има одобрено 14 кредитни барања, повлечени се и парите. Комерцијална банка две кредитни барања и еве тука е претеникот од Битолска банка, вчера и доста реплицирав околу ова прашање. Кај неа беа 36 кредитни барања поднесени. До пред некој ден немаше решено доволно. Меѓутоа вчера добив уверување дека и таа банка ќе ги реши барањата. Според тоа тргна процесот на одобрување на кредити

кај банките на начин кој што е опишан и ние како министерство ди дадовме еден билтен кој што е дистрибуиран до сите а градоначалниците во општините до субјектите на терен за да можат и земјоделците да знаат што да прават, кај треба да се обраќаат и како треба да постапуваат.

Вториот проект или кредит на линија тоа е кредитот ифат наменет за кредитирање на земјоделците од планинските подрачја во региони со изразите миграција, главно во источниот и југоисточниот регион.

Т03 кредит се дава под два услова: едниот е за обртни средства со враќање на 12 месеци и грејспериод три месеци вкупно 15 месеци, учество е 20% исто така со разлика од другиот кредит што беше претходно споменат нема лимити на износите, станува збор за помали износи, али реков не елимитирани заради интересот кој ке владее во тие подрачја.

Овој проект треба да почне од јануари месец, ние остваривме контакти со општините во Македонија во поголем дел го промовиравме проектот за да видиме каков е интересот, бидејќи треба да обезбедиме структура на корисници на кредитот. Структурата е битна заради тоа што овој кредит треба да биде револник, значи земаат едни земјоделци, го варкаат други а вие знаете дека се донесе закон за одолжување на државата, кога ќе ги врака овие кредити на подолг период.

Овој кредит се обидовме да се откажеме и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и агенцијата за развој бидејќи е таа партиципент во овој проект и Инивест банка која е единствен носител на овој проект од трошоците што значат опремување трошкови за регистрирање на проектот и набавка на возила. Сите тие трошкови што беа признаени од - ИФАТ се откажавме

во полза за тоа да каматната стапка ја сведнеме во најниско максимално можно ниво и според нашите пресметки произлегува дека тој кредит ке се користи со 6% камата, во која е содржана годишно во која се и содржани во делот за револник односно за зголемување на основачкиот фонд на тој кредит за да можеме во наредните години да го зголемуваме. Сите биланси се направени веќе се и превземени активности и веќе има спремни кредитни барања, ќе се оди со проста документација и од јануари негде средината очекуваме да бидат одобрни кредитни барања така ние со Инвес банка се договаравме.

Според тоа, ветувањата што се исполнети, прашање е дали земјоделците се спремни и на кој начин да остваруваа тоа на теренот.

Прашањето за пласманот на јаболката,точно дека е можно да имаме проблеми бидејќи годинава имаме околу 60 илјади тони прво-класни јаболка наменети за извоз, 15 илјади тони јаболко за индус-триска преработка од кои 5 илјади отидоа надвор за преработка во други држави бидејќи ИПОС не работеше. За среќа сега фабриката во Царев Двор работи и тој дел на јаболко го презема.

Ке остане проблем со пласманот на јаболкото од I класа и II класа. За сега оценките се дека навистина има застој во пласманот, меѓутоа динамиката и минатата година во ова време беше слична но да се надеваме дека со отворањето на пазарите кои што и досега беа отворени, ка заживее сето ова што значи пласман на јаболката.

Единствено е тоа што беше кажано, од 1 септември годинава, нашето Министерство ги издава дозволите со кои е врзан извозот на јужно овошје со извозот на јаболката. Тука морам јавно да изјавам дека до крај се почитува тоа што е одлука на Владата , се одбиваат сите тие со кои се шпекулира во јавноста дека добиваат одобрение. Одбиени се многу претпријатија кои базираат да добијат дозвола за

за увоз на јужно овошје на остварен извоз на јаболко во минатата година. Тоа не е овозможено, иако сега на тие што им даваме главно се базира на извоз на столно грозје, што е добро, бидејќи навистина годинава задоволство е што столното грозје се пласира секаде и нашите подруми што имаат ладилници за сместуваше на столно грозје скоро се празни и реков деновиве ќе отпочне увозот на јаболкото. Ќе правиме напори преку Југославија, особено каде што треба да остаруваме и поголем извоз бидејќи најмногу таму се остварува и така да протежираме јаболкото да се извезува и надвор.

Третото прашање беше околу една тема која е дискутабилна постојано и проблематична.

Настанат е проблемот знаете минатата година на 13 јули се јави болеста во Македонија. 13 август беше последниот ден кога беше евидентирано дека појавата веќе не постои. После таа дата во Европската Унија следуваа доста активности и се прифати методот тоа време да се врши вакцинација на добитокот каде што почна заразата. Кога е во прашање вакцинација на добиток заради лигаката и шапот, тогаш се поставува прашањето дека привремено болеста е спречена меѓутоа можно е било кога да пламне и од тие причини воздржувањето во извозот е секогаш присутна. Добивме известување од ЕУ , заправо ние се обративме уште во август месец дека истече времето и побаравме да бидеме ослободени, се разбира ги испративме сите мостри, последната пратка беше испратена на 2-ри, на сите узроци на испитаните грла во Македонија, како што бараат меѓународните прописи. Тоа е направено и очекуваме резултати.

V/7,-

Меѓутоа веднаш да кажам, да не бидеме оптимисти, дека таква е технологијата на постапката при испитувањето дека ќе добиеме позитивно мислење од Брисел, дека ќе се симне забраната. Од овие причини деновиве бараме прием во Европската Унија, да нашите од ветеринарската служба и уште еднаш да објаснат во што се проблемите и што треба да направиме уште, бидејќи направивме се што дозволуваат прописите. Ако има, да речам така, условно, грешка тоа е грешка во технологијата што медицината прифатила да се вакцинираат грлата Ако тоа е, реков, услов може да биде пречка. Според тоа не верувам иако сега направивме, дека Европската Унија ќе ни ја симне забраната за јагнешкото месо за оваа година.

За наредната година ќе реферирам дополнително, ако за тоа има потреба.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор министерот за народна одбрана, г-динот Лазар Китановски

**ЛАРАЗ КИТАНОВСКИ:**

Почитуван г-дине потпретседателе, почитувани пратеници,

Пратеникот Томислав Стојановски постави прашање во врска со нелегалниот увоз на оружје од САД и праша каков е ставот на Владата по ова прашање.

Точно е дека во јавноста, овие денови се наведува дека во САД е покренато обвинение против извесен граѓанин дека увезувал оружје или воена опрема во РМ, за време на ембаргото.

Најнапред да разјасниме. Не се работи за Врховниот суд на САД, туку се работи за Судот на Сојузната држава Вашингтон, значи судот на една федерална единица, што не ја намалува вината, доколку таа се докаже.

Штос е однесува до периодот на ембаргото, веднаш во Министерството е направена евиденција на фирмата која е наведена во Дописот, тоа е фирмата "Микеј Фортенд" и е утврдено дека Министерството не е набавувач на оружје од таа фирма, ниту пак од таа фирма од САД набавувала оружје од Министерството за опрема.

Второ, дека во случаите кога е набавувана определена опрема, Министерството се јавува како купувач а"Микеи Фортенд"се јавува како продавач, значи за своја сметка било тоа набавено и извршена е царинска евиденција на се што е поминато преку оваа фирма.

Од она што беше наведено во Дописот, набавени се следниот средства, но кои никако не спаѓаат во оружје или опрема која служи за огнена употреба во било какви дејствија. Тоа се: заштитен елек-панцир 250 парчиња, заштитни пложи Фортенд 250 парчиња, заштитни плочи Фортенд исто така 250 парчиња. Тоа се три ставки од еден договор и тие спаѓаат во полициски заштитни средства и служат за воената полиција. Тоа е заштита на војната полиција.

Понатаму, хромирани лисици 600 парчиња. Тоа се воено политички средства кои ги употребува военета полиција и единиците за специјална намена, во случај да се принудени, некого, заради состојбата знаете со службените лица, да го приведат и да го предаат на МВР. Значи не се работи за никакви огнени оружја, туку се работи за опрема за заштита. Според тоа изворот на информациите не е точен. што се однесува до тоа дека РМ од САД набавувала оружје во времето на ембаргото.

Има и други набавки, меѓутоа тие се смешни да ги спомнувам. Тоа се специјални светла, специјални сирени за единиците за воента полиција, батериски ламби ако се тоа оружја со кое може некој да се повреди. Тоа навистина не ми е јасно.

Тоа е според нашата евиденција што е набавувано и јас сум спремен на Комисијата за внатрешна политика и одбрана да ги доставам, ако евентуално сака да изврши дополнителен увид на овие документи кои ги има Министерството за одбрана.

Да заклучам, Министерството не набавувало никакво оружје од Владата на САД односно од САД воопшто преку било која фирма во време на траењето на ембаргото.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Г- дине Стонановски дали си задоволен од одговорот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Одговорот е прифатлив со неколку размислувања.

Тогаш, зошто Судот од државата Вашингтон пласира такви дезинформации.

Второ без оглед што се работи за приватна фирма, зошто добија третман на оружје, ако се работи за опрема, како што рече министерот и трето, најважно, понатаму патот на опремата каде води.

V/10,-

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Според нашите законски прописи ова не спаѓа во оружје или воена опрема која предизвикува непријателски дејствија против непријателот, а дали по прописите на САД е забрането, тоа е проблем на фирмата која таму ги набавувала. Така да правно тоа е чиста ситуација. По нашите прописи тоа не се смета за нелегална работа. Реков евидентирано е во царина, постојат документи и Комисијата може секој момент тоа да го провери.

**ХАСАН ЈАШАРИ:**

Г-динот Стојанвоски постави две прашања од областа на образованието и тоа: зошто не се именува директор на Педагошниот завод и второ зошто се формира Центарот за обука во Битола.

Што се однесува до првото прашање, сакам да ве информирам дека Министерството за образование и физичка култура работи на трансформација за Педагошкиот завод. За тоа веќе е оформена работна група, направени се сите консултации со странските партнери и се следи словенечкиот модел за трансформација на Педагошкиот завод Од тој Завод ќе имаме три агенции. На пример Агенцијата за девалвација агенцијата за научно истражувачка дејност.

Наскоро се очекува и именување на директорите на тие агенции. Тогаш имаме повеќе директори.

Што се однесува до второто прашање, во писмена форма ќе го доставиме.

**МИРКО ТРИПУНОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, колеги пратеници, господа министри,

Добро е што дојде министерот за стопанство, моите прашања се до него.

Во 1990 година Советот на Европа усвои препорака за Европска туристичка политика. Истовремено ги покани сите влади на земјите членки да формираат посебни структури заради обезбедување интер-дисциплинираност во пристапот кон феноменот на туризмот во сите него- ви аспекти, особено економскиот и да промовираат не деструктивни форми на квалитетен туризам во Европа. Нема потреба да напоменам дека во тоа време ние не бевме членка на Советот на Европа, но моето прашање се однесува , што после приемот во Парламентарното Собрание во Советот на Европа направи Владата на РМ на овој план.

Прво, дали има разработено национална стратегија за забр-зување на развојот на туризмот во РМ со посебен аспект фокусиран во транзициониот период на квалитативна и квантитативна експанзија на туристичкиот сектор особено преку воспоставување јасни финансиски приоритети и донесување и примена на соодветна правна регулатива. Зголемената глобална конкуренција која го вклучува и туристичкиот сегмент, а тоа е квалитетот во туризмот, станува значаен фактор во регулирање на пазарот од една страна.

Од друга страна законите на пазарот во променливо опкружување бараат нови одговори во кој сегмент ќе се грижат законските регулативи во оваа област. Па, прашањето се поставува: која е улогата на Министерството во унапредување на квалитетот на понудата во туризмот и до каде е остварување на законската регулатива за кла-сификација на туристичките објекти.

Следното прашање: бројни европски и други земји имаат национални туристички совети одговорни за маркетинг и промоција на сликата на земјата и за привлекување на туристи.

Дали РМ размислува за формирање национален совет за маркетинг и промоција во обласна на туризмот со одредена ограничена туристичка администрација.

Следното прашање: во повеќе земји странските инвестиции во туристичкото стопанство се движат во правец на изградба на луксузни хотели и во главните градови со меѓународни синџири на хотели по патот на "Мериод","ШераФон"м "Холидеј~Ин" , "Хилтон", "Кемпинск". Прашањето е : Дали во РМ во овој правец размислуваме за вклучување преку инвестиции од овие ланци на хотели кои што се применуваат во инвестиционите вложувања.

Понатаму, туристичкото стопанство се состои од повеќе фактори од различни равништа. Владата, на прво место, како јавна агенција, и приватниот сектор од другата страна. Сите тие се вклучуваат во развивањето на туристичката политика и на нејзината примена. Се поставува прашање дали постои размислување за стратегиско и иновациско партнерство за координирање на овие бројни партнери и интереси, ресурси и менаџерски способности на еден ефикасен начин.

Сето ова го поставив од причини бидејќи во нашите развојни планови првото место во развојот на оваа Република се сондира во развојот на земјоделието, вториот во услужните дејности посебно во туризмот и третиот, по мене, е градежништвото .

Благодарам.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор, г-дин Рикаловски , министер за стопанство.

VI/3

**БОРИС РИКАЛОВСКИ:**

Г-дин потпретседателе, дами и господа пратеници, Јас овде слушнав повеќе прашања. Веројатно многу време ни треба да навлеземе во детали по сите од нив, но јас би ја искористил приликата да коментирам односно да ги прокоментирам составите во оваа исклучително значајна област, па веројатно преку тоа ќе понудам одговор на дел од прашањата, а до колку пратеникот биде незадоволен со тоа што ќе го кажам, можеме да се договориме дополнително да дадеме појаснувања по она што нема да го опфатам.

Прашањето на развојот на туризмот во нашата земја и секоја друга земја е едно од централните стопански прашања за развојот на економијата бидејќи според сознанијата кои ги имаме и не само ние туку и другите земји, туризмот претставува една од најпогодните форми на извоз од секоја земја. И затоа, мислам дека е многу значајно тоа прашање да биде третирано на соодветен начин во економската политика на секоја Влада, па се разбира и на нашата.

Морам да кажам дека со распаѓањето на земјата во која порано живеевме во делот на туризмот, во делот на туристичкиот развој во нашата земја се почувствуваа големи празнини кои мислам дека сеуште не се на погоден начин покриени и не се на погоден начин третирани. Затоа всушност пред нас претстои еден многу значајна задача на овие прашања да им дадеме една форма на третман која ќе ги задоволи нашите потреби и ќе појде од оваа компонента за која кажувам дека туристичкото стопанство треба да се третира како едно значајно развојно прашање во економијата односно во извозот на нашите производи, па и услуги.

Во тој дел ние отпочнавме одредени активности веќе заправо на она што беше поставено како прашање дали имаме стратегија за дол-горечен развој и дали таа ја подготвуваме за долгорочен развој на туризмот.

Во овој дел отпочнати се многу активности и можеме да говориме само за сегменти на една таква стратегија и сакам да го информирам Собранието со тоа и целата наша јавност дека на овој дел во еден од сегментите многу интензивно работиме со помош и посредство на Францускатa Влада, работиме на една програма за таканаречен културен туризам преку која треба да ги опфатиме сите можности на овој план бидејќи тоа ќе биде една можност да се понуди на една пребирлива така да речам туристичка публика, да се понуди програма која ќе ги задоволи нивните барања , а особено заради тоа што РМ во овој дел има навистина што да понуди.

Туристите кои доаѓаат во нашава земја сакаме да не се оставени само на можноста да се сончаат или да посетуваат само одредени природни атрактивни подрачја туку и да можат да посетата и да доживеат дел од културното богатство што во голема мера го поседува оваа наша земја. И, во тој дел мислам дека во нареднава година некаде во средината ќе се излезе со една програма која ќе ги понуди токму овие аспекти на нашата туристичка понуда што мислам дека ќе биде еден значаен елемент на унапредување не само на понудата туку на еден организиран начин на пристапување кон развојот на туризмот во целина.

Во оваа смисла треба да се бара и одговор на прашањето дали преземаме нешто да понудиме во подобрувањето на туристичката понуда на нашата земја.

Што се однесува до категоризацијата на угостителските објекти и другите видови на објекти од оваа природа постои правилник за таа дејност односно преку кои се категоризирани објектите. Тој го иновираме на скоро или веќе се објавени, не сум погледнал, во "Службениот весник" . Направени се одредени иновации во категоризацијата, се настојува

преку таа категоризација сите туристички објекти да ги имаат оние елементи кои во светот практично се признаваат.

Во делот на модернизирање на хотелиерството, би рекол, преку соработка со познатите ланци, тука е засега малку направено. Наша интенција е да создадеме можност овие познати и признати светски синџири на хотелиерството да бидат присутни во нашата земја. Но, морам да кажам одредени контакти во таа насока се направени, но засега резултатите од таквите контакти сеуште не се дефинитивни. Постои интерес но потребно е да се доразработат одредени детали кои ќе значат создавање на погодности за нивно вклучување во нашата земја.

Сметаме дека е неопходно низ една соодветна законска регулатива да се дефинираат редица на прашања кои , како што реков, останаа незатворени после распаѓањето на земјата во која живеевме, а тие не се едноставни. Мислам дека во соработка со туристичките организации во земјата наскоро ќе можеме да предложиме одредени законски решенија во оваа сфера кои треба да го обноват сето она што беше во минатиот период на одреден начин дезинтегрирано.

Би требало во период од наредните три месеци да се очекува конкретен законски проект кој ќе треба на сите овие прашања кои низ прашањето на пратеникот беа покренати, да се дадат и конкретни одговори.

Толку, вака, да не би задржувал внимание, доколку има потреба ако пратеникот прифаќа , ако ова што го кажав не го задоволува можеме да подготвиме и на писмен начин да реагираме на неговите прашања.

Благодарам.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор г-дин Трипуновски.

**МИРКО ТРИПУНОВСКИ:**

Немам причини да бидам незадоволен од очевидниот напредок во Министерството за стопанство во погледите за развојот на туризмот, но само ќе потсетам. Пред 1000 дена на овој Парламент донесовме еден закон кој не обврзува за три месеци сите тие подзаконски акти да ги направиме. Пак јас би побарал не писмен одговор, туку конкретно реализирање на тој закон и на подзаконските акти.

Благодарам.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор г-дин Каров.

**ЗВОНКО КАРОВ:**

Три кратки прашања.

До Министерството за надворешни работи или Владата. Може претставникот да одговори или во писмена форма. Прашањето за супцесија и односите на РМ како држава наследничка со Европската унија во смисла на времето на решавање и исходот од преговорите. Сведоци сме дека има блокади во смисла на невклучување на економско-финансискиот дел на сукцесијата. Меѓутоа, сведоци сме и на оваа рунда на преговори дека ќе се оди со заклучок дека сите учесници, значи сите држави наследнички на поранешната Федерација не постигнуваат виден напредок во таа работа.

Според, прашањето ми е: Колку времето на решавањето на прашањето на супцесија ќе има влијание врз регулирање на односите со Европската унија.

Второ прашање, или во рамките на второто прашање е, овде може да се вклучи Министерството за финансии за одговор, дали утврдените процентни стапки на странските долгови на поранешна Југославија се

фиксно одредени или може да дојде до нивна промена или може да бидат предмет на супцесијата . Знаеме дека РМ ги нормализира и регулира односите со кредиторите на стапка од '5,4%.

Трето прашање до Министерството за образование, тоа може усмено, го гледам заменик министерот . Молба од граѓани од општина Кавадарци повеќе како одговор или како толкување. Прашањето кратко ќе го формулирам. Дали може пензиониран хигиеничар, технички персонал или администрација во образованието кој му престанал работниот однос по основ на пензионирање или евентуално отсуство по основ на боледување да биде заменет со наставнички кадар и дали тоа може да се толкува како ограничување на средства по основ на законот за исплата на плати?

Дали има такви случаи или нема, не би сакал да навлегувам, значи , прашањето е конкретно. Дали по пензионирање на работник технички персонал вработен или во администрацијата во основно или средно училиште може да биде заменет или прераспореден од наставен кадар кој што има помал фонд на часови на тоа работно место, а тоа да се правда со ограничување во буџетот.

Благодарам.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ; :**

`Има збор г-дин Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Првото прашање, што се однесува до процесот за супцесија упатено до Министерството за надворешни работи ќе добиете писмен одговор.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг ќе одговори? (не)

Значи писмен одговор.

Има збор, г-дин Хасан Јашари.

**ХАСАН ЈАШАРИ:**

Ние знаеме дека сите работни места се достапни за сите граѓани под услов да ги исполнуваат условите. Во конкретниов случај ќе треба да видиме дали прашањето е од сверата на работните односи или од сверата на образованието. Меѓутоа, ќе ги испитаме сите околности и написмено ќе одговориме на конкретното прашање.

**ЏЕКАДУБ НЗРАТУ:**

Има збор г-динот Зибери,

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Околу третото прашак»е, Законот за ограничување на исплата на плати не може да биде причина за сменува&е на работното место односно за неисплата на плата до висина на стручната спрема и работното место што го имал досега работникот. А прашањето на работниот однос е договорен однос до колку сам работникот прифати да работи на такво работно место тоа е негово право, но законот за ограничување на исплата на плати не е причина за да на некој му се ограничува правото да извршува и понатака задачата на кој бил порано.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор г-дин Каров.

**ИЛИЈА КАРОВ:**

Малку незгодни работи во практиката се случуваат не е тоа дали наставник, академски граѓанин, поради недоволен фонд на часови ќе биде распореден на место хигиеничар ако некој отишол во пензија.

VII/1 НН/ПН

**ЗВОНКО КАРОВ:(**Продолжение)

Ова е како толкување, не е како критика. Ниту професорот, неговиот колега може да му рече да исчисти, ниту може да му рече да свари кафе, а и овој не се счувствува добро, затоа што по тој однос засновал работен однос. Спроед тоа состојбата е јасна. Ограничување по обемот на средства во случај кога хигиеничар, пример си оди во пензија, има фамилии млади, невработени двајца, нека си конкурира за работното место хигиеничар. Зошто сега ние да носиме професор на тоа работно место. Не е добро ниту за тој што се прима, ниту за неговите колеги.

**ПЕЦЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани министри, почитувани пратеници,

Имам прашање до Министерството за земјоделие.

Бидејќи каналот за наводнување на водостопанството претпријатие "Тиквешко поле" во атарот на новата општина Градско е тотално руиниран и на поедини места нема и цели капмади со што водоснабдувањето е многу отежнати и водата не стасува до крајот. на системот за наводнување, Градско и Виничани. Заради тоа прашувам дали се планира да се поправи ханалската мрежа на овој дел од магистралниот канал, за престојаната 1998 година, за да можат земјоделците од Градско и Виничани да ги наводнуваат своите површини, за кои редовно плаќаат воден надоместок.

Второто прашање е што конкретно презема Владата на РМ за поддршка на извозните активности за така наречените нето извозници

Третото прашање е што конкретно презема Министерството за култура во делот на своите надлежности за изградба на Народен театар во Велес.

**КИРО ДОКУЗОВСКИ:**

Познато е дека системот за наводнување Тиквешко Поле е предмет на рехабилитација во 1998 година со проект кредитиран до Светската банка.- Тој веќе е лицитиран и ќе отпочнат работите. Дочно дали тој дел, потег, ќе биде реконструиран во 1998 година score неможам да кажам, но ќе добиете писмена информација кога тоа ќе биде опфатено.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали е задоволен пратеникот од одговорот на прашањето.

**ЗВОНКО КАРОВ:**

Да.

**НАУМ СИМЈАНОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, членови на Владата, пратеници.

Во почетокот на месец ноември бевме делегација од Собранието на РМ, парламентарна делегација на организираниот состанок на претседателите на собранијата на централно европска иницијатива во Трст. За жал нашиот претседател, најверојатно од оправдани причини не присуствуваше на тој еминентен состанок каде имаше учесници на половина од парламентите на европските држави.

Во рамките на организацијата на нашата посета нормално беа договорени повеќе билатерална контакти каде, нормално, како дел на тој протокол беше предавањето на одредени показатели за РМ, она што се вика подароци.

Како еден од тие подароци кои ни беа дадени на делегацијата беше и монографијата за Македонија, комплетно на англиски јазик чии автори се доста видни личности на РМ, неколку академици, нас пример г-динот Ксенте Богоев, потоа нашиот сегашен гувернер г-дино Љубе Трпевски, г-динот академик Никола Узунов, и многу други кои не е момент сега да ги презентирам. За среќа оваа едиција ја прими само претседателот на маџарскиот парламент и во меѓу просторот на тие билатерални разговори при наша лична кореспонденција со претседателката на парламентарната делегација, на групата за централно европска иницијатива, г-ѓата Илинка Митрева, при предавањето на оваа брошура, како презенти на РМ, а морам да потсетам тоа беше конференција за борба против организираниот криминал во овој регион и пошироко со која претседаваше г-динот Виоланте, претседател на италијанскиот сенат и во оваа брошура од РМ, чиј претходник, предговор е потпишан од г-динот Душан Петрески, претседател на Стопанската комора на РМ, како едни од репрезентите на РМ пред овој аудиториум се јавуваат и две фирми од економската проблематиката се фирмите ТАТ и ТАМ. Посебно истакнувам со кои зборови е опишан ТАТ. Ке ми дозволите да прочитам на англиски.

(чита на англиски)

Во превод тоа значи дека ТАТ претставува синоним на успешноста и развој на банкарството и финансиите во Македонија.

Поради овој немил настан кој можеше да прими друга димензија, но за среќа по наша интервенција беше стопирано понатамошното давање како презент на РМ од страна на г-ѓата Илинка Митрева и од моја страна, барам Владата на РМ поточно Секретаријатот за информации да достави информација како дошло до тоа да званични делегации на РМ репрезенти на оваа држава презентираат она што не е ни за спомнување, а не тоа да се кажува како синоним за успешноста на РМ.

Второ прашање до Министерството за финансии.

После избувнување на аферата ТАТ во Битола свесни бевме дека исто така во тој систем на ТАТ се влезени и двете фирми, сестри таканаречени, тоа е осигурителното друштво ТАМ и "2 саат". Сметките на овие фирми повеќе до 180 дена се блокирани. Што презема ресорното министерство со органите кои се во функција на Минсиетрството за финансии за дозволување кои овозможуваат оваа ситуација и понатаму да трае.

Трето прашање до Министерството за земјоделие.

Познато е, што е и за поздравување дека оваа година повеќе земјоделски производи кои се автономни како производи од ова поднебје со голема успешност беа извезени во бившите југословенски републики и пошироко. Барам ресорниот министер, нормално, по писмен пат да одговори во што е можно пократок рок да даде нумерички показатели кој е тој обем на земјоделски производи што е извесен и адекватно на тоа званично кои се евидентираните економски ефекти од истиот извоз.

Четврто прашање, познати се оние преписки и веќе поставено е пратеничко прашање по однос на одлуката на Владата за

за наплата на граничните премини за одржување на хигиена. На поставеното прашање дали има уставен основ за истите да се наплатуваат. Во рамките на тоа прашање, за таа проблематика до Министерството за градежништво, урбанизам и екологија поставувам прашање до каде е изградбата на водоснабдиелниот објект кон граничниот премин Меџитжлија, бидејќи треба да се знае дека втор по големина граничен премин према Република Грција. За несреќа повеќе години и од бивша Југославија и од нашето постоење сеуште нема адемватни санитарни услови за одвивање на основната дејност која треба да ја има тој граничен премин.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, Ако дозволи пратеникот на ова прашање би одговориле по писмен пат, бидејќи ќе треба да прибереме податоци од Заводот за платен промет во врска со блокажата и во врска со поднесувањето на стечајната постапка.

**КИРО ДОКУЗОВСКИ:**

Јас можам да соопштам што е излезено од Македонија до крајот на ноември, меѓутоа бара финансиски ефекти, па би замолил само да каже фактор време - дали за цела 1997 година ...

**НАУМ СИМЈАНОВСКИ:**

Да 1997 година.

**КИРИЛ НАСТЕВСКИ:**

Во однос на изградбата на водоснабдителниот систем Мецитлија сакам да напоменам дека Републиката и средствата од Буџетот само учествуваат во изградбата на водоснабдителниот систем во населените места. За овој систем во досегашниот период учествувано е со средства во 1991 година, 1993, 1994, 1995, 1996 потоа согласно предлог проектите кои што треба да се финансираат од страна на компензациониот фонд на ФАРЕ исто така предвидено е со финансирање во тој регионален систем а исто така согласно договорот со Белгиската влада предвидено е суфинансирање во висина околу 180 илјади долари.

Сакам уште еднаш да напоменам дека системот во целост сигурно дека неможе да се финансира од републички средства, треба општината односно населените места кои што се водоснабдуваат исто така да учествуваат во финансирањето, а делот што се однесува на граничниот премин, кој што е во државна надлежност ќе си го финансира државата.

**НАУМ СИМЈАНОВСКИ:**

За последното прашање јас кажав дека барам писмен одговор заради поадекватна и поголема елаборација токму заради фактот преминот Меџитлија не спаѓа повеќе во општина Битола, туку тој е во општина Бач. Тоа е општина која е со најмал број на жители во РМ и ако остасвиме тоа да го решава тааа општина,

Деновиве во печатот пишуваше дека нашите јагниња за божиќните и новогодишните празници нема да се пласираат. Меѓутоа, по објаснувањето на министерот кажа што е всушност, меѓутоа, печатот сосема друго пишувани тоа заради тоа што нашите јагнињана биле одбележани. Мислам дека тоа не би требало да биде проблем, ако е нешто друго, како што е рече министерот, е друго.

Четвртото прашање е до Министерството за надворешни работи.

Зошто Министерството за надворешни работи не применува реципроцитет во однос на издавање визи на грчки граѓани. Со укинуваше од грчка страна на границата да се издава виза на наши граѓани треба од наша страна исто така да се направи за грчките граѓани. Ова барање што го поставувам е бараше на граѓантие од битолска општина, мислам и пошироко.

Она што може да се усмено одговори во ред, што се писмено.

**КИРО ДОКУЗОВСКИ:**

На првото прашаше до кога ќе има бариери на границата одговорот е дека ќе има се додека имаме забрана за извозот, а може да има и потоа, бидејќи ние сме држава во која мора да се штитиме од заболувања од животни кои што се случуваат во околината и додека такви ризици постојат во околината, таа забрана, односно тие превентивни мерки ќе постојат. Треба да се каже дека тоа е извори на приходи за финансирање на ветеринарната служба во Македонија од заразни болести. Второ за написите во печатот и извозот на јагнешко месо. Јас тврдам тоа што сум го рекол јас и моите во нашето министерство, никој не кажал дека ќе има и за јагнешко месо званично, тоа што го кажуваат некои официјални институции и кланици, тоа е нивно прашање, а грешно е интерпретирано што е кажано дека Македонија нема извоз затоа што не е добитокот одбележан. Не. Извозот е врзан заради појавата на болеста, а една од причините за таквите појави што дојде болеста во Македонија беше и необележувањето и санкциите меѓу другото се применети заради тоа што нема одбележување. Меѓутоа, затоа што говорев минатата седница не ги опфаќа младите јагниња, туку ги опфаќа приплодните грла, тоа се овците, говедата, свињите и прасињата. Според тоа камо да се симне забраната тогаш ќе имаме и извоз на јагнешко месо. Дотогаш останува што тоа јас го кажав званично и моите соработници дека ќе има извоз на јагнешко месо.

**МИТКО РИСТЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници и министри во Владата на Република Македонија. Ќе поставам неколку пратенички

прашања во согласноот со она што е најактуелно. Јас до министерот за труд и социјална политика доколку може да објасни сега или во писмена форма за статусот на бегалците во Царина бидејки е доста актуелно во Псеспа, со текот на времето се надминува или да им се даде статус на она што им прилега на едни луѓе што се наоѓаат таму.

Второто прашање е до Министерството за сообраќај односно до МРТ се до моментот дури не беше законот за радио телевизија и до моментот додека не беше формиран Советот се калкулираше со тоа што што поголемиот дел од Преспа немаат трета програма, а дел немаат и втора програма, а од друга страна корисниците на ТВ и радио врските ги намируваат своите обврски преку процентот 75%. Прашање е до кога ќе им биде скратено на дел од гледачите, со еден мал предавател што требаше да биде изграден на Галичица, а со тоа би се добила можност истиот да биде употребуван и за подрачјето на Мала Преспа во Албанија и дел од Грција и подножјето од Пелистер ќе бидат ли во можност истиот да го реализираат или не. Доколку не, ќе бидат приморани дел од населението да не ги подмируваат овие сметки заради оваа грешка што е навистина. А уште поголема е во отсуство е на една локална телевизиај, дел од граѓаните на Преспа гледаат само една телевизија со исклучок на две.

Третото прашање е до Министерството за градежништво, до каде е со преговорите помеѓу Република Албанија и Република Македонија за заедничка соработка за изградба на патот од преминот Стење на Република Македонија за патот до Корча, каде што беа во тек некои преговори со заедна соработка, истиот да биде реализиран, а од друга страна би требало тоа да се реализира, бидејќи од наша страна Република Македонија има вклучено доста средства со кои средства е изграден

еден објект на граничниот премин во Стење и сега засега истиот не е легализиран онака за кој потреби беше граден и наменуван.

Уште едно прашање до министерот за земјоделие се ентересираат земјоделците врз која база и врз кои критериуми е покачена цената на земјоделските вештачки ѓубрива, за сметка на минатата година, бидејќи знаеме дека цената е некаде од 20 до 25% поголема од минатата година.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Што се однесува до првото прашање по однос на бегалците од Република Македонија, како што знаете стотина бегалци од македонска националност од Република Македонија 1993 година кои пребегнаа од таму се сместени во објектот по Царина во Преспанскиот регион и за истите лица се обезбедува потполно згрижување, тоа значи сместуван>е, исхрана и здравствена заштита . Повеќето од нив често пати ги одржуваат контактите со преостанатиот дел од семејствата во Република Албанија, ја преминуваат границата и престојуваат во Албанија и повторно се враќаат. Значи гледано од овој аспект на Министерството за труд и социјална политика прашањето е чисто. Тие се сместени, згрижени, имаат здравствена заштита и тоа е се што може Република Македонија. Прашањето е повеќе политичко. што со нивниот статус, односно нивното залагање за добивање државјанство и нивното останување овдека. За ова прашање, доколку не грешам пред година дена беше расправано на Владата, но не беше одлучено , односно немаше конечна одлука по однос на нивното барање и се надевам дека набрзо Владата повторно ќе расправа по однос на нивниот статус во Република Македонија.

**КИРО ДОКУЗОВСКИ:**

Ѓубривата кои ги произведува фабриката во Велес се покачија годинава за 21%. Причините се две, една е порастот на цената на фосфатите што се користат за производство и нормално инфлацијата на денарот. Во оваа насока Владата на Македонија на последната седница раправаше како модел како да дојде до поефтинување на импутите во земјоделството , вклучувајќи ги тука и фосфатите , пестицидите, механизацијата и слично, со давање на одредени гаранции кои што би давале на странски не за комерцијалните ризици, туку дека навистина создаваме производство. Тоа го правиме со Светската банка и е во разработка и Владата дава натамошна поддршка. Цениме дека со овој проект којшто нема ефекти брзо до првото полугодие на 1998 година, сигурно во второто ќе направиме така да дојде до поефтинување, односно да дојде до поголема понуда на ѓубрива, на пестициди и други средства во земјоделството за да го форсираме во основа и приватното производство. Инаку причините се тие кои што ги кажав.

**ГОЦЕВСКИ ИЛИЈА:**

Почитуван потпретседателе, почитувани минситри, почитувани коелги. Јас за денеска имам неколку прашања и првото мое прашање е до Министерството за урбанизам, а се однесува на така наречениот регионален водовод што му припаѓаше на поранешната општина Гази Баба а сега им припаѓа на трите новоформирани општини, Гази Баба, Петровец и Илинден. Тој регионален водовод опфаќа 12 населени места со вкупно 28 илјади жители .И тоа Илинден, Марино, Ајватовци, Бунарџик, Кадино, Мралино, Јуремлери, Идризово, Ржиничино, Гоце Делчев, населба Колонија и Петровец.

VIII/5.-

За време на мојотмандат во општина Гази Баба во период од шест години, Министерството за урбанизам перманентно одвојуваше средства за тој водовод и ние од општината издвојувавме одредена сума и за тој период успејавме тој водовод да го реактивираме. Инаку беше прогласен за промашена инвестиција во 80-сетите години. Потече вода во пет населени места , што покриваат жители од околу 15 илјади. И тоа се Илинден, Марино, Ајватовци, Бунарцик и Кадино.

Оваа година требаше да се продолжи према општината Петровец која единствено остана без вода. Тоа не се реализира и не само тоа доведено е во прашање експлоатацијата на длото што е пуштен во овие пет села, бидејќи парцијално не може да се издржава без помош од општините , а Министерството би требало да ја продолжи реализацијата на преимарната мрежа заедно со населението.

Моето прашање до Министерството за урбанизам гласи: Дали не е можно со интервентни средства да се продолжи во оваа година и дали во идната година се планираат средства за тој водовод, поготово што се знае дека со неговото реализирање комплет , не само што ќе се реши водоснабдувањето на 12 населени места, туку ќе се покријат и пвоеќе јавни и државни претпријатија и институции, како што се јавното претпријатие за аеродромски услуги, касарната на АРМ во Петровец, кафе домот Идризово , школскиот центар за полиција, каде со сигруно знам дека постои проблем со квалитетна вода за пиеше. Исто така сум сигурен дека придонес за непродлжување на тој водовод имаат и сегашните нови локални самоуправи , кои повеќе се занимаваат со проблемот на стопанисувањето со тој незавршен објект, отколку да се занимаваат со негово докрајчување, а исто толку сум убеден дека Министерството

со своја поддршка што ја имавме и досега ќе направи да се реши еден крупен проблем од инфраструктурата на тој дел, кој предизвика и развој на малото стопанство и многу повеќе од тоа. На основа на тој водовод како инфраструктура во Илинден во овој момент има една мала индустриска зона во која има повеќе градилишта и на основа на таа инфра структура се дадени дозволи за мини фарми и така натаму. Доколку дојде до стопирање на реализација на водоводот мислам дека и на тој план ќе се стопира.

Второто мое прашање е исто до Министерството за урбанизам и гласи: Кога ќе се заврши атмосферската канализација на улица "Благиј Стефковски" во должина од 110 метри која со асфалтирањето е направена слепо без излез према главната атомсферска канализациска мрежа. Требаше да биде тоа направено следната година по асфалтирањето, меѓутоа, до денеска тоа не е реализирано иако поминаа повеќе од 4 до 5 години. Постои реална опасност направениот сегмент од 1100 метра да се исполни и цементира и да ја изгуби својата функција како што ја нема и во сегашна ситуација, доколху не се заврши набрзо ова приклучување до главната атмосферска канализација.

Третото прашање е до Министерството за сообраќај и врски, поточно до Фондот за патишта и гласи: Дали ќе преземе фондот и Министерството мерки да се реши проблемот со подвожњакот на автопатот Петровец - Хиподром, кај населбата Мралино. Имено тука е направен подвожњак со реализацијата на автопатот за поврзуваше на населението со својот имот од спротивната страна. Прифатен е предлогот на населението, меѓутоа, технички тој подвожњак не е решен до крај поточно тука се акомулира постојано вода и постојана опасност е особено за непознати минувачи во зимските месеци, да не дојде до потопуваше,

што сведочат и неколку такви случаи. Колку ми е познато од поранешниот Закон за патишта надлежен за регулираше на тој проблем е на инвеститорот кој треба да понуди комплетно и квалитетно решение, а не импровизација што може да има последици по човечки животи. Одговорот на ова прашање го барам во писмена форма.

**БЈ1АГ0ЈА СТО ЈКОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани министри, драги колеги пратеници. Првото прашање се однесува до Министерството за финансии. Со измена и дополнување на Законот за комунални такси се утврди надомест за потрошена електрична енергија за улично осветлуваше. Со истиот закон од надомест за улично осветлување се ослободени пасивните села и од министерството за финансии до сите електродистрибутивни подружници се испратени списоци со села кои се ослободени од плаќање на овој надомест. Прашање: Кој треба да ја плати потрошената електрична енергија за улично осветлување во пасивните села? Локалната самоуправа не ги прима фактурите со образложение дека селата се ослободени од надомест со закон, што е точно и дека не располага со средства за надомест на улично осветлување, бидејќи средствата се прибираат од граѓаните. Имаме локални самоуправи Лечовце кој од 13 села има 12 пасивни села и сите 12 се ослободени. Имаме локална самоуправа Старо Нагоричане со 33 села, прогласение е 31 село за пасивни, во 25 имаме улично осветлување. Кој ќе ја плати потрошената електрична енергија. Мислам дека вакви примери се низ цела Македонија преку сите дистрибутивни подружници.

Второ прашање зошто Министерството за финансии при распределбата на собраните средства за уличното осветлување го врши према

критериумот број на жители , се работи за ново формираните локални самоуправи, а не према вистински потрошениот екиловат часови и вистин- ски собраните средства од потрошувачите на територија на таалокална самоуправа за улично осветлувак>е. За потрошената електрична енергија за улично осветлување псотајат и за новоформираните локални самоуправа точни податоци за киловат часа потрошени и точни податоци за прибрани средства, по тој основ од било која локална самоуправа. Распределбата по бројот на жители коај се врши, овозможува големо прелевање на средства од една локална самоуправа во друга локална самоуправа, поточно од старите општини се прелеваат средства во новоформираните општини. На пример од локалната самоуправа на општина Куманово во локалните новоформирани локални самоуправи , по овој основ се прелеани 2,3 милиона денари, средства прибрани од жители на локална самоуправа, Кумано се отидени во локална самоуправа , Липково,0рашец, Клечовце и други.

Трето прашање до Министерството за правда. Дали е можно советник во локална самоуправа да биде и член на управенодбор на локалните и јавни претпријатија. Со Законот за јавни претпријатија дефинирани се надлежностите на управните одбори на јавните претпријатија и надлежностите на основачот на јавното претпријатие во случај Советот на локалната самоуправа. Доаѓаме во следна состојба. Едно исто лице, или повеќе лица советници да се членови на управни одбори на јавни претпријатија према законот да донесуваат статут, програми, цени на услуги и истите лица даваат согласност како членови на совет на локална самоуправа. Или едно исто лице и те тужи и те суди.

**БЛАГОЈ СТОЈКОВСКИ:** (Продолжение)

Четврто прашање, се работи за Миистерството за сообраќај и врски, прашањето е зошто сеуште не е завршен регионалниот пат заведен под број Е 203 за Месна заедница Арбанашко, кој требаше да биде завршен минатата година, но поради временските услови се прекина и останаа незавршени само 1400 метри, пат од кој 1400 метри беа тампонирани, подготвени за асфалтирање. Меѓутоа, поради зафаќање на зима се прекина со работа, а тампонот кој беше нанесен, оставен, од дождовите преку годината е однесен и сега не овозможува одвивање на автобуски сообраќај. Автобускиот сообраќај е прекинат, со што е прекината врската меѓу седум села кои гравитираат кон село Арбанашко од Козјачијата во локалната самоуправа Старо Нагоричани. Ако може да ми се одговори усмено, а ако не писмено.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор, госпоѓата Стојановска, заменик министер за финансии.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Почитувани пратеници, точни се констатациите што ги изнесе пратеникот во врска со распределбата на средствата за улично осветлување во локалната самоуправа. За 1997 година се тргнуваше само од еден критериум, а тоа беше бројот на население. Се тргна од претпоставката на солидарност на старата постојна општина која беше и новоформираните општини. Заради тоа беше на тој начин поставено и уличното осветлување како што беа и сите други изворни приходи на локалната самоуправа.

Во врска со прашањето кое се однесува на тоа кој во делот на плаќањето на електричната енергија ќе го сноси трошокот кој се однесува на пасивните општини, критериумот кој што беше поставен го имаше и тоа за цел, врз база на солидарноста.

IX/2.-

За 1998 година предлагаме измена на критериумите во распределбата на средствата во локалната самоуправа, така што сега при распределбата на средствата на сите изворни приходи, со што и за уличното осветлување нема да се тргнува само од бројот на населението, туку имаме уште два критериуми. Така, бројот на населението во вкупното учество на сите изворни приходи, а тоа значи и за електричното осветлување ќе учествува со 80%. Бројот на населените места ќе учествува со 10% и вкупната територија која што ја зафаќа соодветната општина во постојната општина од која произлегла,исто така ќе учествува со 10%. Овие два критериуми на некој начин ќе бидат коректив на она што беше во 199 7 година, кога за тоа најголемото учество и најголемата работа ја вршеше само бројот на населението. Сигурно, од страна на Електродистрибуција има едни забелешки, од страна на локалната самоуправа на многу средби со градоначалниците тие искажуваат други свои аргументи дека доволно електричната енергија од страната на Јавното претпријатие не се утврдува, не се мери, се испоставуваат одредени фактури кои не се потрефени со потрошена електрична енергија. Тоа се прашања кои би требало да се расчистат меѓу локалната самоуправа и Јавното претпријатие за електростопанство, така што сметам дека ова што беше поставено на некој начин во 1998 година би се корегирало.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор пратеникот Стојковски.

**БЛАГОЈ СТОЈКОВСКИ:**

Само не разбрав, заменикот министер одговори само на едно од двете прашања за улично осветлување. Одговори на прашањето зошто распределбата не се врши според потрошениот киловат час, а се врши според број на население, како што се вршеше во 1997 година. Мислам

дека одговорот е дека сепак постојат мерни инструменти кои ја мерат потрошената електрична енергија и друг критериум не може да постои за да се плати. Тука и законодавецот и Законот за енергетика и сето друго дефинира децидно.

Но првото прашање што го поставив за пасивните села, каде да кажеме 25 села трошат улично осветлување, а немаат никакви изворни приходи, од граѓаните да ги платат потрошените киловати, како ќе го решиме тој проблем. Тоа е првото прашаше, затоа што со законот рековме дека од плаќање надомест за улично осветлување се ослободени граѓаните. Ако само кажам дека парите што ги добиваат новите локални самоуправи со фактурите што ќе им ги испоставиме ќе ги блокираме, бидејќи тие немаат од каде да ги приберат средствата. Првото прашање исто така е многу битно, за кое не добив одговор и би сакал сепак да биде во писмена форма, сето тао да се стави како треба за да можеме навистина и локалните самоуправи и граѓаните и Електростопанство да знаеме што и како треба да работиме.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Добро, одговорот да биде во писмена форма.

Има збор господинот Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Дами и господа пратеници, господа министри имам едно прашање со заеднички именител до Владата на Република Македонија. Се работи за Акционерското друштво "Снитекс" кое припаѓаше на фамилијата на 23 загубари, кое не знаеме по чија вина отиде во стечај. Со влегувањето на АД "Снитекс""се јавија комплекс на прашања кои оставаат отворено место за размислување, затоа што ако Владата беше таа која беше главна тој кој имаше право на управување со 51%, мислам дека сега категоријата како стечајни работници не е направена правилна распределба во однос ан паричниот надоместок, така што при изготвувањето на решенијата извршени за пресметка на паричниот надоместок за вработе-

ните во "Снитекс" се направени некои смешни решенија заради тоа што во првите решенија се изготвени за 200 до 300 денари за сите вработени, а посебно загрижува за оние кои се со над 25 години кои треба да остваруваат заштитно ниво за остварување на пензија, така што за луѓе кои треба 10-12 години да добиваат заштитен додаток некаде од 200 до 300 денари. Решенијата се преиначени и се направени некои компромиси што не се во согласност со Законот затоа што ако АД "Снитекс" имаше третман на 23 загубари, тогаш сигурно дека паричниот надоместок за вработените од 23-те загубари треба да се пресмета со републичкиот просек. Знаеме дека обврска на Владата беше да се уплатат и придонесите и сега се отвора едно прашаше:Таму се 700 луѓе кои во овие четири месеци немаат никакви примања - не го гледам тука министерот за труд и социјална политика ова прашање беше за него - како може да преживеат овие 700 луѓе вработени затоа што за жал по двајца се вработени. Сигурно дека треба да се земе предвид ова прашање и да се пресмета републичкиот просек, затоа што со вакви смешни решенија кои се дадени, по 200-300 денари, мислам дека апсурдно е да се разговара и да се мисли како ќе преживее една фамилија во овој зимски период.

Знаеме дека како основица за пресметување на паричниот надоместок за првите 12 месеци е земен износот од 50% од просечната нето плата на работникот за последните 12 месеци пред претанок на работниот однос односно 40% за останатите месеци за исплата на искористување на право на паричен надоместок.

Втората работа која исто така е упатена до потпретседателот на Владата а мислам дека тој ресор го покрива господинот Бузлевски затоа што "Снитекс" оди во стечај, а главниот доверител, Банката БНТ исто така во стечај. Се јавува некоја апсурдна ситуација како овој капацитет ќе се стави во функција. Сигурно затоа што целата оваа

процедура, целата оваа постапка ја водеше Владата и Агенцијата за санација на банки треба да се размисли што ќе се направи во овој период затоа што две години режимот, улогата и функционирањето на фабриката беше ставено под јурисдикција и функција на Владата затоа што Владата незнам од кои причини го присили овој комбинат да оди во стечај. Дали за тоа да се обезвредни фирмата за да може да се плати поевтино да се приватизира или не знам од кои причини. Сериозно прашање до Владата т.е. до потпретседателот на Владата.

И второ прашање, кое е наменето сигурно за Министерството за сообраќај, регионалниот патен правец Свети Николе - Пробиштип. Еве изминува седма година, секогаш е ставен во програма, никогаш да заживее овој правец. Од кои причини, од политички. Крајно време е, сите регионални патни правци во Република Македонија, се изградени, останува делницата од Свети Николе до село Куково - Пробиштипско во должина од 16 километри, што значи поврзување на општина Свети Николе со општина Пробиштип.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој член на Владата ќе одговори на поставените прашања или тоа ќе биде во писмена форма? Во писмена форма.

Пред да му дадам збор на наредниот пратеник, да ве информирам дека досега се пријавени 38 пратеници за поставување пратенички прашања. Верувам дека сите се запишани, а досега последниот дискутант беше 10-ти. Ве молам, секој е запишан по ред како е пријавен.

Има збор господинот Илија Каров.

**ИЛИЈА КАРОВ:**

Почитувам претседател, почитувани пратеници и претставници на Владата, првото прашање едно дополнително, едно целосно би го поставил до министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

IX/6.-

Господине министре, убаво и детално ја презентиравте состојбата околу кредитирањето на земјоделците во Република Македонија. Меѓутоа, за мене, а верувам и за голем број земјоделци остана недообјаснето прашањето околу можноста и кредитирањето на планински села, планинските региони во Република Македонија југоисточните и јужните реони. Имено, во тие села во голем број населени места сеуште живеат и стари изнемоштени земјоделци, меѓутоа, меѓу нив има и млади што сепак се определиле и млади што сепак се определиле да останат во тие планински села на надморска висина од над 1000 до 1600 метри надморска височиниа. Сепак тие се определиле меѓу другото да се занимаваат и со сточарство. Тие земјоделци немаат можност да дадат под хипотека ниту станови ниту фабрики, освен нешто земјоделска површина и тоа ливади.

Какви се можностите на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и воопшто ставот на Владата околу сепак долго најавуваната програма за развој на овие региони. Имено, досега ништо не е направено. Сеуште се чека. Ние еве го донесовме Законот за сточарство, помина првата фаза од Законот аз ветеринарство меѓутоа нашите основни залагања и на Владата не се остваруваат, тешко се доаѓа до кредитирање и од она што е досега направено, можеше да се заклучи и од Вашата дискусија и од одговорот дека сепак малку е направено. Десетина проекти има можност да бидат финансирани, односно веќе досега се финансирани. Интересот е голем и згора на тоа, колку што успеав да добијам информација од овие десет советници кои се определени е прекинато изготвувањето на програмите понатаму кај заинтересираните луѓе. Прво, со информација дека со тоа е завршено. Понатаму ако некој инсистира да му се даде програма треба да уплати 0,5% од вредноста на кредитот. Дали тоа е точно, незнам. Иако по мое длабоко убедување се направи една голема грешка околу изборот на

советниците во Република Македонија, што требаше да бидат во функција на земјоделците, да им помогнат околу размислувањето и изготвувањето на овие проекти. Се определија лица кои се по 100 до 200 километри оддалечени од местата каде што се задолжени. Таков е примерот овде и за Штип, Кочани, Пробиштип и Виница задолжено лице од Струмица. Навистина несфатливо кога толку многу има стручни лица агрономи во тој дел од Република Македонија се определило лицето да биде од Струмица. Јас немам ништо против тоа лице, меѓутоа тоа е тетко справедливо тоа лице да биде на располагање од прилика на над 50-тина села во тие четири општини. Меѓутоа, направена е таква грешка одделни општини во Република Македонија изостанаа навистина барем од редовните консултации со тие советници. Тоа е околу можноста за кредитираше и помошта на оние земјоделци и сточари што се определиле веќе да останат во тие региони.

Второто прашање е околу оризот. Навистина макотрпно прашање, тешко, безброј пати поставувано и на оваа говорница. Оризопроизводителите како и сите други земјоделски производители макотрпно но сепак го произведоа и оваа година производството го собраа, нешто под снег, под дожд, но сепак се успеа на некој начин жетвата да се приведе при крај. Меѓутоа, околу пласманот изостана секаква поддршка од страна на Владата еве и на Вашето министерство. Јас би сакал искрено да го слушнам вашето размислување тоа ме интересира мене како пратеник, ги интересира и многу оризопроизводители, какви се можностите Владата сепак да издвои извесно време и една поддршка околу пласманот на оризот кој навистина е проблем, бил проблем од порано, уште поголем проблем стана и со минатогодишниот голем увоз на ориз во Република Македонија. Тоа прашање околу увозот безброј пати го потенцирав, а сега ќе го поставам дополнително и до министерот за финансии и до министерот за стопанство. Сепак од вас барам едно известување околу можностите за пласманот на оризот.

IX/8.-

Понатаму едно прашање кое по втор пат го поставувам до Министерството за одбрана.

Господине министре, во Република Македонија навистина постојат голем број објекти што се во државна сопственост, поточно во сопственост на Министерството за одбрана кои се во фаза на целосно или делумно распаѓање. Јас конкретно ќе се задржам на повеќе објекти кои се наоѓаат на планината Поникâа кај Кочани и еден прекрасен објекти на Голак кај Делчево. Навистина една лоша слика, голем број од тие објекти се веќе руинирани, со паднати покриви, украдени прозорци и врати и што планира вашето министерство, Владата да преземе околу санирање на оваа состојба. Сепак тие објекти можат да се дадат на користење, да се реновираат и да се искористат. Дали за потреби на Министерството за одбрана или за други потреби за рекреација, одмор и тн. Навистина се работи за квалитетно изработени објекти, а сепак сега се во една многу лоша состојба.

**ИЛИЈА КАРОВ:** (Продолжение)

Понатаму, едно прашање до Министерството за стопанство.

Геотермалните води се користат меѓу другото и за затоплување на оранжериите. Таков е случајот со геотермалните води во Гевгелија, Струмица и Кочани и Виница. Меѓутоа, за мене сеуште останува нејасно зошто геотермалните води кои се во експлотација во Гевгелија и Струмица и Виница се во сопственост и за користење на овие геотермални води во комбинатите ЗИК Брегалница, Виница, Винојуг - Гевгелија и ЗИК Струмица, освен ЗИК Кочанско Поле и Моша Пијаде кои ја користат оваа геотермална вода по двојно повисока цена за разлика од другите и оваа експлоатација, одржување е во сопственост на овие извори во с. Долни Подлог на јавното претпријатие Водовод од Кочани. Според тарифниот правилник не знам како тој е изготвуван, но сепак направен е еден голем превид околу цената на потрошен метар кубен вода, се плаќа некаде околу 16,95, скоро 17 денари за потрошен метар кубен топла вода што е двојно поголем износ од оние што ја користа топлата вода во Гевгелија, Струмица и Виница. Навистина ова е една нелојална конкуренција на пазарот, сите овие градинарски производи се со еднаква цена, доматите и краставиците, пиперките, но за, сепак трошоците кои што Моша Пијаде од Горни Подлог и ЗИК Кочанско Поле ги вложуваат ги издвојуваат за затоплување при користењето на оваа топла вода се двојно повисоки. Навистина ова не е добро и би требало во оваа насока, би сакал да го чујам и вашето размислување што планирате вие во иднина да преземете околу изготвувањето на овие нови тарифни правилници, или пак сепак размислувате за некаква трансформација во оваа дејност околу експлоатацијата на

геотермалните води и во кочанско. До Министерството за финансии во врска со порано поставеното прашање околу аферата со увоз на бел ориз во РМ од страна на Македонија табак, јас поставував повеќе пати прашања, никако да добијам еден прав одговор освен едно писмо со кое бев информиран дека привремен увоз има извршено од страна на Македонија табак. Меѓутоа, јас се интересирам со следните податоци како дополнителни податоци ви барам каде е извршена доработката на белиот ориз и за каков вид на доработка станува збор, бидејќи е увезен бел ориз. За мене е нејасно каква доработка на бел ориз е извршена. Тука веројатно овие податоци треба да припомогнат и од Министерството за финансии. Понатаму, колку е извезен бел ориз од увезените 930 тони. Колку е оштетена државата за оној дел продаден ориз на домашниот пазар на име неплатена царина и данок. И длаи Македонија табак како фирма која нема доработувачки капацитети за ориз можела да добие согласност за привремен увоз на ориз за доработка. Јас морам да ви кажам дека ние оризопроизводителите сме доста загрижени што неколку пати ова прашање го поставував и до Министерството за земјоделие. Министерот одговори што е во негова надлежност дека нема информации околу тоа дали при увозот на овој бел ориз е вршено фитопатолошки преглед, или не е, или тоа јас во консултација со луѓе што работат на царинските премини кај Богородица добив информација дека при увозот на овој ориз под името привремен увоз не е вршено фитопатолошки преглед. Меѓутоа, остана освен информацијата дека Македонија табак е увозникот на овој ориз понатаму ништо не е дообјаснето какви се штети се направени на РМ околу овој привремен увоз.

Уште едно прашање до Министерството за финансии.

Порано, постоеја две институции кои вршеа контрола во областа на јавните приходи. Кај правните лица таа контрола ја вршеше Службата за општествено книговодство, а кај така- наречените вршители на дејности контролата ја вршеше Управата за општествени приходи. Со формирањето на Управата за јавни приходи која правно почна да функционира во почетокот на 199 4 година инспекторите и техничкиот персонал кој работеше на контрола' во тогашната служба за општествено книговодство беа преземени во оваа управа. Со собирањето на сите кадри кои работеа на контрола на јавните приходи во една институција новоформираната Управа за јавни приходи се планираше оспособување на истите за контрола кај сите субјекти и правни лица и вршители на дејности. За таа цел беше одржан и еден семинар со тогашните инспектори од Управата за општествени приходи за да се запознаат со специфичностите со кои се среќававаат и контрола на правните лица. НО, подоцна се отстапи од првичнат определба и во новоформираната управа за јавни приходи остана поделбата помеѓу инспекторите од поранешната Управа за општествени приходи и поранешната СОК. И ден денес првите вршат контрола само кај вршителите надејности, а вторите кај правните лица. Прашањето гласи: дали Министерството за финанси] го знае овој проблем кај инспекторите во јавните приходи со исто образование и со исти работни задачи и затечените инспектори во Управата за општествени приходи примаат двојно помал личен доход и дали ова ќе се преземе нешто за да се исправи оваа неправда, или и понатаму околу 130 инспектори од кои очекуваат да стават ред во областа на финансиите ќе се прашуваат дали државата кренал; раце од нив. Според некои проценки овие инспектори изгубиле така

да кажам на име неисплатен личен доход заедно со нивните колеги некаде околу 10 илјади германски марки по вработен инспектор. Јас би ги замолил министрите и претставниците на Владата да ми одговорат усно освен оние дополнителни податоци околу оризот она што не е во можност сега да се одговори, тоа може да биде и во писмена форма. Додека до Министерството за земјоделие, за стопанство и за одбрана ако е можно одговорот да го добијам усно сега.

**КИРО ДОКУЗОВСКИ:**

Морам да кажам дежурна тема и го очекував ова прашање и припремен одговор не спрема прашањето. Јас пред две недели за викендот бев во Кочани со мисијата на Светската банка и имав средба со земјоделците од тој регион и очекувано беше да кажат дека има многу ориз и што ќе правиме со него. Таму добив обратно прашање заради тоа што немало доволно вода 50% помалку ориз се добило во Кочани. На тоа прашање нормално етаа критика. Одговорот беше мој ако е така да им кажеме на трговците да увезуваат ориз бидејќи годинава ќе немаме ориз. Ова го кажувам заради тоа што мораме да внимаваме и на тоа што често пати пласираме во јавноста и која е вистинската состојба. Не помага ни тоа што кажуваме дека немаме род за да обвиниме некоја друга групација, или да створиме маркетиншки така да речам поени да собереме. Нашите земјоделци тоа добро го знаат колку се родило, ниту пак да надувуваме дека имаме многу проблеми сврзани со оризот за да ги натераме другите трговци пак сега кои што набавуваат увоз од овде, или од други држави да кажат дека овие се во тешка мака, дај сега цените да ги оборуваме. Која е вистината за оризот?

Прво, планирано е производство во 1997 година 23.880 тони, добиено е производство 20.369, потфрлување за околу 500 тони. Остварена цена во откупот досега 16 денари по килограм. Откупено 1.550 тони до вчерашен ден, што значи дека е откупено има интерес и оризот се продава, ако продолжи динамиката, проблеми во пласманот на оризот ќе нема и оттаму нема потреба за страхување од земјоделците. Иако јас во својство на член на Владата во Кочани изјавив дека државните резерви нема да откупуваат ориз бидејќи таа функција ја немаат. Сепак, заради остварување на жетвата во Кочани се договоривме со комбајнерите приватни и општествени да за оризот, во жетвата дадеме нафта од резервите која ќе се плати бидејќи гаранции не можат да се добијат со арпа. Беше договорено и билансирано дека ќе се откупат 300 тони арпа. На тој начин сепак државата за да помогне за да се заврши целата работа се пушти во откупот на оризот односно да наплати и дел од нафтата со ориз. И таа работа е завршена, иако не ветивме дека ќе купуваме ориз, ги преземаме сите мерки со другите држави со кои што имаме договор за соработка во областа на трговиј-ата преку компензациони работи оризот да го пласираме. И јас сум уверен, еве веќе тргнува, знаме што се случува, да не бидеме преголеми оптимисти за да можеби ја спласнеме целата активност, туку да упатам и до кочанчани меѓу кои г-динот Карво има и фирма да се ангажираат малку повеќе тие да тргуваат со оризот а не да оставаат фирми од Скопје, или од надвор да тргуваат со ориз. Тие заборавија што е трговија со ориз, сите во Кочани, ослонувајќи се дека државата ќе го купува оризот.

За вториот дел на прашањето за кое не го очекував, односно беше поставено прашање и во првиот дел на седницава денеска околу

кредитирањето и целиот тој комплекс. Ќе дополнам со тоа што пред малку го кажав уште следново. Сите градоначалници во Македонија добија од Министерството еден билтен, тоа го доби и Центарот за земјоделие и Одборот за земјоделие во Собранието во кое ги објаснивме пошироко условите за кредитирањето, набавките од каде се вршат, сите постапки и личности за контакти и слично. За кредитот ИФАТ за планинските подрачја не бевме тогаш во состојба да дадеме целосни информации, тоа ќе го направиме во наредниот билтен. Но, во оваа прилика бидејќи се прашува од овој Парламент да кажам тоа дека навистина хипотеката е проблем кај сите кредити. Меѓутоа, со Инвест банка денеска се договаравме да направи напори да најде некое олеснително решение дали преку осигурување, или преку други начини оваа работа да ја упростиме со тоа што за кредитите за овој проект за помали намени во вредност да не се бараат хипотеки, туку да се врши преглед по семејства, па каде ќе се оцени дека тоа е потребно да се направи така. Околу една оценка што е кажана за тие наши кредитни советници кои што не се службеници на нашето Министерство туку хонорарно вработени луѓе. Веднаш да кажам дека не се согласувам со оценката дека тие луѓе се погрешни, туку напротив. Проблемот е македонскиот аграр е луѓето што незнаат јазик. 40 кандидати беа тестирани, 10 избрани, тоа се високо квалитетни млади деца и кога би можело да има можности да ги примиме во Министерството. Ја обавуваат својата функција сосема совесно, направија проекти над нивото што требаше на направат. Затоа Светската банка оцени дека тие својата работа успешно ја завршиле и дека во изборот на кандидатите за кредитирање се впуштиле да избираат дури и богати земјоделци,

на кои што не им треба бесплатна помош, туку дека треба да си плаќаат. И затоа, и точно е дека секој земјоделец натаму кој ќе сака да проектира, да прави програма за кредитирањето ќе плати засега 0,5%, а не е чудно тоа подоцна да направиме да биде и повеќе, бидејќи пазарна економија подразбира и тоа. Со еден збор да кажам дека кредитирањето ќе продолжи, застојот е направен токму заради ова прашање да се прејде од тоа што беше помош, таа помош е веќе завршена и ги даде своите ефекти.Пред малку кажав и ќе повторам дека над 6 милиони марки се поднесени барања кај банките. Сега тие треба да ги решат. Овие 10 советници ќе ги користиме и за други намени во реализација на проектот бидејќи во аграрот во 1998 година ќе се изготват многу проекти, но за нив сега не би говорел.

**ИЛИЈА КАРОВ:**

Г-дине министре, навистина го цениме вашето ангажирање лично како министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, ги цениме и напорите што Владата ги чини околу пласманот на јаболката, грозјето, виното и на некои други производи, јагнето и тн. Меѓутоа, со години наназад, сега сте вие министер, меѓутоа проблемите околу оризот останаа уште многу поодамна, еве гледам дека и сега се присутни. Одговорите некако се префрлуваат од една на друга страна кој како да се ангажира. Јас навистина се она што го правите за другите култури во РМ е добро. Меѓутоа, оризопроизводителите не се задоволни од оној напор што Владата го чини околу продажбата и пласманот на оризот во РМ и надвор од РМ. Кога вие бевте во Кочани, јас бев присутен ако се работи за таа седница на која што не се стана воопшто прашање околу

тоа колку е произведено ориз во РМ, меѓутоа се дискутираше околу рестрикциите за оризот на кои површини да биде застапен и други проблеми околу жетвата, меѓудругото се спомна и пласманот. Рака на срце незнам кој ве информирал до вчера дека ориз нема, јас од таму доасѓам секој ден и сум присутен меѓу луѓето, навистина се жалат, навистина проблемот е присутен. Немам намера да вршат некаква дезинформација, туку сакав најобјективно да ја претставам состојбата околу проблемот со пласманот на оризот во РМ.Тоа беа моит еосновни залагања без некои други намери и навистина овој проблем е присутен и верувам дека треба да се издвои повеќе време, поголем напор и од ваша страна, навистина да се помогне на приватните земјоделски производители, затоа што нема организиран откуп во Кочани и во другите општини каде што се произведува оризот, ако е нешто продадено веројатно се работи од задругите и од комбинатот. Меѓутоа, организиран откуп за приватните оргнаизации досега не е направен.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Прашањето беше за објектите Пониква и Голак. Вие знаете дека после заминувањето на ЈНА доста објекти не беа заштитени, затоа што ЈНА тогаш беше предимензионирана и приоритетна задача беше на армијата во формирањето да се запоседне границата , да се уредат карасните и да се обезбеди вработување на новата армија на РМ. Затоа се случуваше некои подалечни објекти не бидат обезбедени и навистина некои од нив од тие причини се доста руинирани. Конкретно објектите Пониква и Голак на неколку пати направен е обид да се дадат преку јавно наддавање  на користење на разни сопственици, меѓутоа, за сега

нема резултат, бидејќи тие се во таква состојба што бара голема инвестиција. Ако се јават некои кандидати веднаш армијата е спремна да ги отстапи и да се користат за цели за кои ќе смета оној што ќе биде кандидат да ги преземе тие објекти. Инаку, армијата во принцип сака да помогне особено ако се работи за странски инвестиции. Познат е случајот со Баргала во Штип каде што оставивме наши објекти на извесен период на години за кои ќе се исплати инвестицијата и со тоа можат да се вработат околу 1000 до 1500 нови вработувања, односно да се обезбедат. Исто така планираме некои дуќани кои порано ги имала ЈНА да ги продадеме се развира на јавно наддавање и така да се ослободиме, бидејќи не е задача на армијата да се бави со изнајмување на простор. Значи да заклучам околу ова прашање, ние сме спремни ако се најде субјект кој би инвестирал овие објекти на Пониква и Голак да се изнајмат и тука нема никакви проблеми.

**БОРИС РИКАЛОВСКИ:**

По однос на прашањето за цената на геотермалната енергија, сакам да потсетам дека согласно законот за енергетика што беше пред 2 месеца усвоен на ова Собрание предвидено е цената на сите видови на енергија вклучувајќи ја и гоетермалната да се формира врз основа на методологија што ќе биде подготвена во период од 6 месеци од денот на донесувањето на законот. Според тоа треба да се очекува во наредните 4 месеци таква методологија да биде подготвена и за цената на геотермалната енергија. Тоа подразбира дека во овој период практично ќе се утврдат критериумите врз основа на кои ќе се утврдува и цената на геотермалнат енергија. Тоа сепак не значи дека таа ќе биде идентична

кај сите изворишта. Геотермалната енергија е локална и по своето производство и по својата потрошувачка и врз основа на заедничките критериуми можно е да дојде до различни цени на геотермалната енергија во одредени подрачја. Колкава ќе биде разликата и дали воопшто ќе ја има, зависи и од специфичните услови на нејзино производство и нејзина дистрибуција. Според тоа, методологијата ќе ги предвиди заедниците критериуми, а цената ќе биде утврдена за секое извориште, зависно од овие специфични околности.

**ИЛИЈА КАРОВ:**

Реагираат моите колеги, меѓутоа мислам дека секој треба да биде стрплив. Ние ретко имаме можност да поставиме пратенички прашања и ретко ни се дава таа можност да биде удостоени да повеќето министри бидат присутни на седница. Јас сум задоволен од овој дел на одговорот почитуван министре дека очекувате набрзо да дојде до изготвување на нов тарифен правилник, меѓутоа, не се доискажавте околу вашите размислувања за експлоатацијата и сопственоста околу користењето и експлоатацијата на геотермалните води во кочанско, односно Долни Подлог. Дали и понатаму вашите размислувања се на тоа становиште да овие извори во Кочани останат и понатаму сопственост на Јавното претпријатие "Водовод" кое морам да кажам дека водата која што ја наплаќаат и сметот во Кочани е една од највисоките цени што ја плаќа Кочани и жителите во кочанско по однос на цената на водата за пиење, и

сметот. Тоа е едната причина. Втората причина е што навистина оваа цена е голема, и дали е вообичаено и понатаму и ставот на Владата да располага со оваа геотермална вода и понатаму Јавното претпријатие "Водовод", или имате други размислувања околу идниот сопственик кој би управувал со геотермалните води во Кочани. Тука не се доискажавте и би сакал да го слушнам вашето размислување.

**БОРИС РИКАЛОВСКИ:**

По однос за сопственоста кој ќе располага со геотермалните води, иако со нив располага тој што вложил и тој што го обезбедил нивното производство. Зас Кочанско Поле не сум во состојба сега да кажам затоа што незнам претходно како е регулиран статусот со сопственоста. Но, најверојатно ќе треба низ органите на локалната самоуправа објектите од значење за тој регион да бидат регулирани и сопственичките односи. Незнам која еструктурата на капиталот која е вложена во производството во ова конкретно подрачје и сопственоста де факто ќе зависи од тоа. Ако е државата сопственик, тогаш низ органите на локалната самоуправа ќе биде дефинирано тоа прашање на сопственост во иднина. Но, во овој сектор како и во сите други во енергетиката пак ќе се повикам на законот што го усвоивме од неодамна се допушта и мешовита сопственост и приватна сопственост. Значи, таа сопственост која денеска постои можно е да се менува зависно од тоа со каков капитал кој од инвеститорите учествува и ќе учествува.

Според тоа, ако прашате за став на Владата, отворен е процесот за менување на постојната сопственост, а кој вид ќе преовладее зависи од тоа кој какви средства вложил.

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Дами и господа пратеници, и членови на Владата,

Пред извесно време во општина Липково отпочнато со изградба на патот околу Лојане преку Ваксинце, Склупчане до Оризари, пат кој претставува значаен интерес за сите овие села и за општина Липково кога е во прашање развојот на инфраструктурата во оваа општина бидејќи со изградба на овој пат сите овие села ќе се поврзат со Липково, а исто така и со градот Скопје. Меѓутоа пред еден месец изградбата на тпото е прекината.

Ме интересира од кој причини е прекинато изведувањето на работата за изградба на овој пат, дали од немање на средства, или се работи за нешто друго, бидејќи постои една заблуда кај граѓаните од овој крај.

Барам одговор на писмена форма.

Второто праљше е следното.

Граганите од с.Лојане и Ваксинце од општина Липково неколку-пати доставиле барање до надлежните министерства за отоврање на граничниот премин Лојане-Мератовце - Прешевско.

Барањето беше поставено поради потребите на граѓаните од двете страни поради нивните родбински врски и ред други работи што ја наметнуваат потребата за отворање на овој граничен премин. За жал, наместо да се уважи нивното барање, пред неколку месеци двете бараки што беа сместени на двете страни, на границата, се отстранија, со што најстариот пат што ги поврзувал овие две општини целосно се блокирал, што значи престанал да функциониера.

Прашувам од кои причини МВР одлучило да ја отстрани посто-ечката барака од нашата страна, а истото го направиле и органите на Република Србија. Но да напоменам дека српската страна тоа го направила после нас.

Второ, постои впечаток кај голем број граѓани од овој крај дека од наша страна нема расположение за отворање на овој граничен премин кој е многу важен за овој регион, додека од српска страна не постои пречка.

Ме интересира која е вистината околу овој проблем.

Исто така и на ова прашање барам да ми се одговори во писмен форма.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани министри, почитувани колеги,

Јас би почнал со едно стратешко, егзистенцинионално прашање кај нашите граѓани во РМ,а тоа е бројката од 450 до 500 илјади граѓани во РМ што живеат от земјоделието, сточарството и што живеат со тутунопроизвоството.

Бидејки имам мандат да ги застапувам, односно презентирам проблемтие на граганите од општина Радовиш, кој претежно се зани-маваат со земјоделие, сточарство, и тутунопроизуводство, а на една од минатите седници, нашето сеќавање е доста свежо но би ги замоли Стручните служби, бидејќи беше донесен заклучок во овој состав на Парламентот, Ресорното министерство, односно Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство да изготви конкретна програма односно анализа за перспективата на земјоделството, сточарството и тутунопроизводството .Јас и сега тоа прашање го наметнувам, пред

новиот состав на Владата, односно новиот министер, затоа што тогаш со гласање овој заклучок беше усвоен. Затоа и сега барам од надлежното министерство да изготви една информација за перспективата на овие 400-500 граѓани кои исклучиво живеат од оваа дејност. Значи тоа е земјоделието, во широк поим земено, тоа е сточарството и тутунопроизводството. Тоа го потенцирам во овој момент од причини што и во Буџетот кој детално го анализирав ставка по ставка и пак мислам дека оваа дејност е во некоја поодредена улога за разлика од нешто што мислиме дека е постатично и побитно за РМ.

Ако пола милион граѓани на Република Македонија живеат од таа дејност, земајќи ги стручните служби во ресорните министерства и имајќи предвид дека имаат толку советници, стручни луѓе во Министерството за земјоделство би требало да подготват една информација и ние како пратеници да имаме една информација таква и да имаме одговор, одговор за многу граѓани во РМ или во најголемиот дел, што понатаму со земјоделието. Да не чекаме од реколта до реколта, од сезона до сезона, дали е тоа тутунопроизводство, дали се тоа градинарски култури, дали е сега оризот, јагниња итн. Мора ние како Парламент, како институции во РМ да имаме конкретна визија за егзистенцијата на овој број на граѓани во РМ. Затоа барам од министерот, г-динот Докузовски една писмена информација што ќе ја изготви и да ни ја достави до нас пратениците за да знаеме што понатаму, не сега за буџетот туку што во краткорочниот, среднорочнито и долгорочниот развој на РДО, баш осврнувајќи се на земјоделството, сточарството и тутунорпоизводството. И сега се актуелни овие проблеми, сега кога ќе биде откупот на тутунот. Затоа реков барам во писмена форма одговор од ресорното министерство, околу овие работи.

XI/4.-

Второто мое прашање е упатено до Министерството за правда. Ако е Министерство за правда треба да биде на линијата односно на страната на правдата.

Се работи за оглас, конкурс за прием на судски полицајци во Судот во Радовиш, за четири места. Меѓутоа примени се двајца од Радовиш, двајца од Струмица.

Како прво прашање поставувам зошто ако такви лица се примаат во основниот суд во Радовиш, се примаат двајца од останата општина, при три илјади и да не кажам колку уште невработени во таа општина.

Зарем не можеше двајца да се изберат, а не четворица, да бидат под соодветната општина каде што егзистира судот.

Господа ако мислите дека не може судски полицајци во општина Радовиш да се најдат четворица луѓе од многу не вработени млади кадри мислам дека тоа треба да не замисли. За некого тоа е банална работа, но ако немаат луѓето поверение во овие министерства, во овие институции, што ние можеме да бараме и како парламент и како пратеници. И кога еден е примен од Радовиш, тоа е Миле Божинов,после 15 дена да се извести, да му се каже, вие господо не сте примени, туку се прима од соседната општина. Што ние изигруваме таму. Изиграваме некои чесни или поштени граѓани, или пак одредени недобронамерни несовесни кои сакаат да се иживуваат во ресорните министерства, не поаѓам подалеку, зошто такви елементарни непринципиелни неправди се нанесуваат спрема една конкретна работа. Да се бира амбасадор, да се бира советник, министер итн. разбирам. Ама да се избира човек за таква работа а кога имаме толку млади а невработени во општина Радовиш, незнам како може да се зема луѓе од друга општина.

Барам во писмена форма од Министерството за правда да ми се одговори за овој неправичен чин што е направен во општина Радовиш.

XI/5 . -

Третото прашање пак ви е упатено до Министерството за правда а се работи за барање за измена на законот за територијална поделба на РМ, од Месната заедница Смрдешник, село Дедино.

Граѓаните на село Дедино не се задоволни, ние тогаш и кога го донесувавме законот за територијална поделба, јас како пратеник се залагав тоа село да остане во општината Радовиш а кое се: со новата територијална поделба припаѓа на општина Конче.

Не може и понатаму и затоа во првата измена односно гледање на тоа каде се направени грешките, селото Дедино треба да биде во општина Радовиш, бидејќи секогаш тоа припаѓало во Радовиш а тоа ни повеќе ни помалку е оддалечено само 8 километри од Радовиш, а од соседната општина е оддалечено 15 километри. Учениците од V одделение сега посетуваат настава во село Ињево кое е на 2 километри од Радовиш.

Бараме, во првата можност за измена на Законот за територијална поделба во член 8 точка 73 и 74, општина Конче односно Месната заедница Срмдешник и селото Дедино да припадне кон Радовиш. Тоа е барање по сите критериуми како се формираат односно конституираат новосоздадените општини. И новоформираната општина Конче, според нивните објективни согледувања смета дека Дедино треба да биде во Радовиш. Затоа барам од ресорното министерство за правда да направ] уште едно согледување и оваа неправда што е направена, ние и тогаш укажувавме, реков, тоа село да припадне во општина Радовиш. Мислам тоа е битно прашање, за некого можеби не е битно, за мене е битно затоа што имам мандат да ги застапувам луѓето од општина Радовиш и интересот на Република Македонија.

Почитувани пратеници, почитувани министри и почитуван потпретседателе,

Морам да кажам со жалење, последното пратеничко прашање ќе го поставам, и ако најмалку зборувам од лично име и најмалку еден

граѓанин или пратеник или било кој вид на политичка или јавна функција треба сама да ги бара интересите односно да биде заштитен Напротив тоа треба да се прави низ системот на институциите на Република Македонија.

Поаѓајќи од значењето на личната и имотната безбедност на секој граѓанин на РМ и функцијата пратеник и заради заштита на мојот личен и професионален интегритет, до МВР и до Министерството за одбрана го поставувам следното пратеничко прашање:

Поаѓајќи од тоа што поедини медиуми за време на вчерашниот ден презентираа информација во јавноста, на мене како пратеник и како директор, Ванчо Чифлиганец била заговарана моја физичка ликвидација за одредена сума на пари.

Барам, од надлежните министерства писмено да го информираат Собранието на РМ и лично мене како пратеник и јавноста, за причината за организирање на таков терористички акт против секој граѓанин, конкретно против мене како пратеник и како директор на едно претпријатие.

Конкретно да се каже кои,навистина се тие луѓе, кои стојат зад, наводно, такво терористички акт. Дали навистина биле разузнавачи или имале врска со разузнавачки кругови. Дали навистина било нарачано убиство на мене како Ванчо Чифлиганец или се работи за нешто друго, а тоа друго треба да го кажат надлежните легални институции на РМ. Ова го барам од следните побуди:

Како пратеник, професор на Универзитетот "Свети Кирил и Методиј" при Рударско-геолошкиот факултет во Штип и директор на Рудникот Бучин, со полна лична, професионална,морална и материјална одговорност изјавувам пред овој дом и пред пошироката македонска јавност, како пратеник односно, прво, функцијата директор на Бучин ја извршувам совесно и одговорно скоро една деценија. Доказ за тоа е што во тешки услови на стопанисување Бучин постигнуваше успешни резултати и постигнува, што е важно како за егзистенцијата на

илјадата вработени и нивните семејства, така и за развојот на општина Радовиш и стопанскиот систем на РМ.

Второ, професијата професор на Рударско-геолошкиот факултет ја вршам совесно и одговорно со постојано настојување на студентите да им пренесам како теориски така и знаењата од индустриската пракса од економијата во рударството и геологијата.

Трето, функцијата пратеник ја вршам со желба да помогнам на низата неразрешени економски проблеми на РМ и животните проблеми на граѓаните на општина Радовиш.

Четврто, ниту сум припаѓал ниту припаѓам, а веројатно нема да припаднам на ниту некои си наводни планови, не учествувам во никакви заговори задкулисни политички игри и манипулации.

Петто, конечно, дали со мојата наводна, што треба да се преиспита, ликвидација требало да се покријат нечии криминални дејствија, или се работи за сосема некоја друга сериозна или несериозна позадина.

Шесто, Дали тоа се нарачки од внатре или од надвор за клучните, влијателни личности кои се занимаваат со стратешките, егзистеционални прашања на своите граѓани и за состојбите на РМ, треба во овој момент, кога се најпотребни, да се девалвираат.

Седмо, за жал, од 24 часа, 20 часа ефективно работам, баш заправо на горенаведените функции, а најодговорно тврдам пред сите вас и пред пошироката македонска јавност, досега ниту судски ниту воено директно или индиректно во некое криминално дејствие не сум учествувал.

Осум, дали заслужуваме такви епитети кога имаме институции кои место нас треба они да настапат, да кажат што сме направиле а што не сме направиле.

Барам одговорот да биде во писмена форма, на поставеното пратеничко прашање, до Собранието и јавноста, надлежните министерства да го достават што поитно, како заради мојот личен и професисионален интегритет, така и заради личната, професионална и имотна сигурност на секој граѓанин на РМ. Сега еден, утре ќе биде втор, трет, четврт итн. Мислам тоа се наши елементарни барања, како граѓани, најмалку мислам како нешто повеќе од тоа, бидејќи пред законот сите сме исти и сите треба тоа да го имаме, да бидеме заштитени.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор г-динот Лазар Китановски. Пратеникот бараше одговор во писмена форма.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Ќе добиете писмен одговор, меѓутоа морам да кажам дека навистина постои такво лице кое подготвувало таков криминален акт. Службата за безбедност на армијата го има следено тоа лице. Во меѓувреме,тоа лице ја напушта армијата, така што сега тоа спаѓа во ингеренции на МВР.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:** (продолжение)

Мотивот не е вобпшто познат. Не постои мотив односно не бил досега утврден. Така да не знаеме кој е мотивот за едно такво криминално дејствие кое е насочено кон пратеникот Чифлиганец. Мотив досега не е утврден . Така да овие денови ќе добиете и писмен одоговор. Меѓутоа ве молиме да се стрпите уште ден, два да ги усогласиме сите можни информации бидејќи се работи за пратеник и ние тоа го почитуваме.

Благодарам.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор г-дин Милан Лазаров.

**МИЛАН ЛАЗАРОВ:**

Јас имам неколку прашања . Првото прашање до министерот за сообраќај и врски и за Владата, се однесува за македонските железници. Познато е дека македонските железници во последно време имаат сериозни проблеми да ја обавуваат својата функција и вработените од македонските железници очекуваат со донесувањето на новиот закон на одреден начин да им се помогне односно државата да им помогне, а бидејќи ние на 14 мај 1997 година го донесовме предлогот за донесување на законот, ме интересира, до каде е стигнато со подготовката на Предлогот на законот. Кога Владата планира да го пушти до Собранието предлогот на законот за македонски железници. Тоа е првото прашање.

Второто прашање е до министерот за внатрешни работи. Познато е дека во Охрид слета еден хеликоптер сопственост на сопствениците на Пирамидалните штедилници во Албанија. Ние само чувме за него дека слета и дека со него беа две лица и понатаму ништо не се знае што се случи со тој хеликоптер. Ме интересира каква е судбината со тој

хелихоптер, каде е, лицата исто така и до кој сознанија се дојде ако не се, се разбира, ако не се од некој посебен државен интерес.

Следното прашање до Министерството за финансии и градежништво. Јас ова прашање го поставив пред седум-осум месеци, меѓутоа до денеска не ми е даден одговор и затоа денеска го повторувам. Познато е дека државата е должник на градежните организации кои извршуваат објекти по порачка на државата и тогаш прашав колку државата должи на одредени градежни организации. Со оглед дека градежништвото ни е во тешка состојба очекував дека ќе добијам таков одговор и еве денеска го повторувам тој одговор и барам писмено да ми се одговори бидејќи ценам дека усмено неможеда ми се даде тој одговор на седница.

Следното прашање е до Министерството за образование и физичка култура . Исто така се работи за Законот за високо образование кој долго време е во процедура во повеќе фази и имаме една ситуација кога скопскиот Универзитет го почитува Уставот и се престрои според нацртот на овој закон, додека битолскиот универзитет работи според стариот закон за насочено образовани. Се разбира, тие не го кржат Уставот, но не го искористуваат правото во Уставот во кој се зборува за автономија на Универзитетот. Прашање е, кога Министерството мисли и Владата да го достават до Собранието конечниот текст на законот за високото образование.

И уште едно прашање до Министерството за внатрешни работи и до Министерството за образование. Во последно време имаме големи проблеми и нарушувања на односи во спортот и со оглед дека спортот е од јавен интерес во државата и затоа го поставувам ова прашање.

XII/3

Голем број на спортисти поради тие односи на луѓето кои што ги водат спортските организации се спречени да ја репрезентираат Македонија на официјалните Европски и светски првенства. Се разбира овде виновници се главно луѓето кои што го водат спортот, неможе да се каже дека се други но одредена вина сносат и министерствата поради својата неодлучност и спорност во одлучувањето. Конкретно се работи за карате спортот каде што е познато на јавноста односите од 7 февруари наваму се нарушени потполно. Се одржаа две паралелни конференции каде што едната конференција е свикана на статутарен начин и ја свика Извршниот комитет, а другата е свикана од секретарот . Потоа, се поведе постапка пред Министерството за образование и физичка култура преку Советот за спортот и друга постапка пред МВР за регистрација на измените во Статутот. Најпрво МВР ги одби барањата на двете конференции, но констатира дека двете се легални, па мене не ми е јасно како може две конференции да бидат легални. Ако така се појде ние ќе создадеме хаос не само во спортските организации туку и во општествените организации ако прогласиме дека две конференции се легални.

Се разбира дека таквото барање беше обжалено и од второ-степениот орган беше поништено.

Првостепениот орган беше должен во рок од 30 дена да го реши барањето на жалителите, но поминаа и 60 дена и прашањето сеуште не е решено. Министерот за внатрешни работи го прашувам зошто не го реши случајот во рок од 30 дена и како тоа две конференции да ги прогласи за легални.

До Министерот за образование зошто не изврши упис во регистарот за спортски организации согласно Законот за спорт на Карате сојуз на Македонија кој што ги испочитува сите препораки, одлуки и Статутот, значи препораки и одлуки на министерот и Советот за

министерот го испочитува и Статутот за закажувањето на конференцијата, но потоа застана тука и до ден денес нема донесено решение.

Голем број спортисти се оштетени. Конкретно македонската репрезентација не настапи на светскиот куп кој се одржа во Манила не настапи репрезентацијата на Европското првенство кое се, одржа во Шпанија. Настапија само тројца кои сами платија престој таму. Другите ја немаа и таа шанса, а веќе се ближи Европско првенство за младинци и кадети каде што Македонија континуирано од осамостојувањето до сега освојува медаљи и очекуваме дека може да настане голема штета ако ниедна репрезентација не настапи таму. Истото се случи и на Балканското првенство минатата недела.

Додека нашите претставници имаат пристап на сите светски ки европски купови кои се од отворен тип, таму се настапува како клубови. Прашањето е до министерот за образование, зошто не врши упис во регистарот на спортски организации.

Благодарам.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој ќе одговори од присутните министри. Не. Одговорот ќе го добиете во писмена форма.

**АЛЕКСАНДАР ЈАКИМОВСКИ:**

Почитуван потпретседател, почитувани пратеници, почитувани министри,

Првите две прашања се однесуваат на сообраќајниот коридор исток запад. Првото прашање е во врска со изградбата на магистралниот пат Ранковци-Крива Паланка, а посебно делот од Псача кон Крива Паланка. Конкретно прашање. Дали е предвидено изградба на овој патен правец во програмата 1998 година.

Второто прашање се однесува во врска со изградба на железничката пруга Бељаковце - Дивле Село и тука имам неколку потпрашања, меѓу кои:

Кои делници и објекти се во план за изградба во наредната година.

Кои се причините за недоразбирањата меѓу Австриската фирма АСТ ангажирања за пробивања на тунелите на пругата кон Бугарија и АДГ Пелагонија. Поточно кој е виновен за конфликтни состојби во овие две фирми. Бидејќи е наговестено дека спорот ќе биде разрешен преку суд, на судски начин, а сето тоа веројатно ќе го одолговлечи кпроцесот на изградба на пругата. Доколку градежното претпријатие Пелагонија е виновник за изградба на пругата, дали овие состојби околу кадровското прашање во АДГ Пелагонија има одредено влијание врз овие односи со австриската фирма и аналогно на тоа се поставува прашањето дали оваа фирма дава гаранција за успешна изградба на пругата на тој дел кај што е врзана односно на подрачјето на Крива Паланка, подрачје кое што е многу тешко за изградба од причина што рељефот е доста расчленет, испресечен со длабоки речни долини и има потреба од голем број на мостови и тунели.

Третото прашање, дали се планира изградба на регионален пат Тораница-Саса, за поврзување на овие два рудника преку Осоговието, кој пат исто така ќе има важно туристичко значење. Ако за оваа година не е планирано, кога се планира изградба на овој регионален пат.

До министерството за образование имам прашање, кога се планира доставување на закон за дејноста на Педагошкиот завод до Собранието односно до Владата. Дали воопшто се работи на овој закон бидејќи знаеме дека во образованието имаме реформи, имаме промени

и од тие причини Заводот ако не се постави на здрави основи не ќе може да ги следи овие состојби, да помогне на овие основни субјекти кои треба да ја изведуваат наставата.

Последното прашање е до Министерството за стопанство. На претходната седница на која се поставуваа прашања, јас поставив едно прашање, можеби не бев доволно прецизен, па во контекст на тоа што не добив никаков одговор сакам на одреден начин да го повторам ова прашање.

Дали има механички прилив на население во Република Македонија во последните 10-15 години. Последната година немаме такви податоци, но тие податоци да не бидат за некое време, подалечно минато. Доколку има колку е вкупниот број на овој механички прилив на население. Потоа кои се причините за механички прилив. Каква е националната структура на доселениците односно емигрантите.

Ова ако не е во ингеренција на Министерството за стопанство, молам да биде доставено онаа институција која е надлежна односно соодветна за ова прашање.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој ќе одговори на поставеното прашање?

Има збор г-дин Рикаловски.

**БОРИС РИКАЛОВСКИ:**

Сакам само тоа да укажам дека тоа прашање не се однесува на Министерството за стопанство, но надлежното министерство или институција ќе одговори по писмен пат.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор г-динот Јашари заменик министер за образование и физичка култура.

**ХАСАН ЈАИАРИ:**

Педагошкиот завод на Република Македонија според законот за органите на управата е во состав на Министерството за образование и физичка култура. Јас кажам дека ние работиме на трансбормацијата на педагошкиот завод во Агенции и откако ќе се завргаи целата работа за трансформацијата на Педагошкиот завод тогаш ќе се донесе сигурно нов закон за тие агенции и тогаш ќе треба да се во согласност со тоа како ќе се одлучи, можеби ќе има и во самиот орган на управата измени во делот на Министерството за образование и физичка култура.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

За другите прашања одговори во писмена форма.

Има збор господинот Милчо Трајков.

**МИЛЧО ТРАЈКОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани министри, почитувани колеги,

Првото прашање се однесува до Министерството за урбанизам. Прашувам, кога ќе се донесе законот за геодетски работи. Овој закон мислам дека е еден од понеопходните од причина што во една прилика реков дека работата во Геодетската дејност, катастарските уреди се личната карта на државата. Во овој момент државата нема лична карта што се потврдува со проблемот околу северната граница, расчистувањето на територијата околу северната граница.

Во непосредна обработка се закони или донесени или се обработуваат. Еве конкретно законот за пасишта во кој се регулира делот од катастарската дејност, културата на класата, бонитетот на земјиштето и сопственоста.

Исто така, завчера или вчера разговаравме и за законот за земјоделското земјиште во кое исто така се третираат сопственоста, културата, класата и бонитетот. Точно и во овој закон во неколку члена,

во членот 4, 25 и 43 точно овие дејности беа назначени, што упатуваат на податоци од Републичката геодетска управа.

Овие податоци во моментов Републичката геодетска управа ги нема. Би сакал да ја искористам приликата и овде да спомнам стариот член од Законот за земјоделско земјиште, 43 кој упатуваше на нецепење на катастарските парцели. Сега, со овој закон во предложениот концепт на предлог законот, проблематиката од овој член не е третирана во овој закон. Дали идејата е, министерот е тука, да го окрупнуваме земјиштето заради искористување на потенцијалите е напуштена. Ќе дозволиме ли сега цепење на парцелите.

**МИЛЧО ТРАЈКОВ:** (продолжение)

Од тие причини прашувам кога ќе биде донесен законот за геодетски дејности.

Имам повеќе прашања меѓутоа не гледам тука дека има министри, за министерот за сообраќај имав прашање, но сега не би го поставувал.

Имам едно прашање до министерот за земјоделие во врска со критериумите за проектот за искористување на руралните подрачја. Каров потсети нешто, но јас прашував дали по изработката на критериумите се мисли да се намалат условите за прилог на хипотеката. Дали во тој дел може како хипотека да се внесе и земјиштето, или тоа ќе влезе во критериумите за кои пред малку спомнавте за помали кредити дали до 10, 20 или 30 илјади германски марки нема да има потреба воопшто од хипотека.

**КИРИЛ НАСТЕСКИ:**

Законска регулатива за премер и кастар постои , таа од постар датум . Сите информации на катастерските цели и сопственици се водат согласно тој закон, меѓутоа со оглед на тоа што се усвоени и во процедура е изработка на закони кои што се компетабилни со законот за премер и катастар односно има потреба од таков закон во Министерството за урбанизам се. работи на текстови на нови закони од таа свера. Имено, отсуствува закон за геодетска дејност, закон за премер и катастар нов и закон за картогравска дејност.

Согласно Програмата за Владата тие ќе бидат пуштени во процедура и се надевам дека ќе бидат решение многу прашања кои што сега отсуствуаат. Исто така сакам да нагласам потреба од нов закон кој

ќе се појави кога ќе дојде во фаза на усвојување кога ќе се усвои законот за градежното земјиште со оглед на прет- поставена та промена на сопственичките права на градежното земјиште и потребата од воведување на соодветни земјишни книги, упис на сопственици и тн.

Значи, во работна верзија тие прописи се подготвени во Министерството а со програмата за работа на Владата ќе дојдат нормално и пред Парламентот.

**КИРО ДОКУЗОВСКИ:**

Околу хипотеките и гаранциите што банките ќе ги бараат уште еднаш да потенцирам дека ние со Инвест банка која е носител на кредитор за руралните подрачја се договоривме што е можно повеќе да ги олесни условите за добивање на кредит вклучувајќи го притоа и барањето кои се поденсуваат до банката да бидат упростено барање, најмногу до три страници , кое би било поделено на самите земјоделци . Додека за сложени објекти, каде што се работи за градежни објекти да се прави комплетна документација со прописите. При тоа се обврзува банката да обезбедува што е можно полесно да се дојде до кредит од банката и со поедноставна документација, не и со условување на хипотеки. Да сватиме дека банката е таа која што одговара за кредитот да го враќа на државата, државата према странство.

Банката ја прифати сугестијата да пристапи кон согледување на модалитети кои што значат осигурување на кредит и сл. меѓутоа пак ќе оставиме тоа банката да го направи, а за сето ова што јас сега го говорам ќе излеземе наредната година, во јануари месеци, сите детали околу добивањето на кредитите и кои ќе бидат предусловите за да тоа се обезбеди.

**ФЕРИТ МУСОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, почитувани министри,

Бидејќи немам добиено одговори на претходно поставените две прашања до Министерството за внатрешни работи, иако добив дел од одговорот усмено и до Министерството за сообраќај и врски инсистирам на тие прашања да добијам писмен одговор, а сега ќе поставам едно прашање до Министерството за сообраќај и врски.

Прашањето се однесува до Македонските телекомуникации. Првото потпрашање е кога ќе продолжат работите на започнатата реконструкција на телефонската централа на с. Ростуште со новите 360 броеви .

Во овој период, една година каблите стојат покрај патот и никој не се грижи за нив. Сметам дека на тоа треба што побрзо да добијам одговор.

Другото прашање е од долгорочен карактер - кога македонските телекомуникации предвидуваат да го покријат Мавровско-рекамскиот крај со мобилна телефонија.

На прашањето барам писмен одговор бидејќи нема претставник од Владата.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани министри, почитувани пратеници,

Поставувам прашање кога Владата на РМ ќе го пушти во собраниска процедура законот за изградба на објекти.

Прашањето е упатено до министерот за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина.

XIII/4

Образложение.

Законот за изградба на инвестициони објекти иновирана верзија на законит од 1983, 1984 и 1989 година и базира на концептот на договорна економија. Изменетата уставна положба на РМ како самостојна суверена држава, како и положбата на општините во единици на локална самоуправа ја наметнува потребата од ново правно регулирање на односите во изградба на инвестициони објекти.

Основни начела се уредување на односите помеѓу учесниците во изградба на објекти, повисоко ниво на доверливоста на инвестиционите објекти, заштита на луѓето, имотот и животната средина, активирање на пазарните механизми, изградба на објекти под концесија, странски вложувања и др.

Барам усмен или писмен одговор.

Второто прашање е до каде е со формирање на мешовита меѓудржавна комисија за водостопанство, првенствено со Република Грција но и со другите соседи односно Албанија, Бугарија и СР Југославија, бидејќи сме сведоци на многубројни проблеми (Дојранско Езеро, Река Вардар) и посебно врзано со студијата за интегрален развој на Река Вардар.

Прашањето е упатено до министерот за земјоделие, шумарство и водостопанство, г-дин Киро Докузовски.

Образложение.

Македонските води имаат меѓународен каратер со сите 4 соседи, од кои најмногу се присутни проблемите со јужниот сосед. За решавање на тие проблеми во сите држави па и во бивша Југославија постоеше мешовита комисија за водостопанство. Од овие причини се поставува горното прашање. Барам писмен одговор.

**КИРИЛ НАСТЕВСКИ:**

Согласно програмата за работа на Владата во првото тромесечие од идната година, Законот за градба на објекти односно претходниот закон се викаше закон за изградба на инвестициони објекти е во завршна фаза и се очекува до крајот на овој месец да влезе во владина процедура, како предлог на закон. Нормално, тој решава низа прашања на кои што во претходната законска регулатива од оваа област не геа поместени и ги зема во предвид во своите решенија сите учесници во градбата. Значи, се очекува во владина процедура до крајот на овој месец како предлог на закон и нормално ќе дојде пред Парламентот.

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

Почитувани колеги, почитувани претставници на Владата,

Првото прашање е за министерот за стопанство.

Познато е дека извозот е основен генератор на развојот. Прашувам во кои гранки, индустриски гранки имаме пораст на индустриското производство исклучувајќи ја нафтената индустрија и електростопанство, а во кои пат и кои мерки и активности ги презема Министерството зањ стопанство за пораст на индустриското производство во оние индустриски гранки каде што има пад на индустриското производство.

Второто прашање е до Владата на РМ, Министерството за правда.

Познато е дека после територијалната поделба поедини населби како катастарски целини се загрозени со навлегување на добиток од

други катастарски населби, а исто така и со узупација наземјиште. Граѓаните реагираат на овие работи и се поставува прашањето кои се институциите кои што треба да одговорат на поплаките на граѓаните и дали условите што надлежните институции ги обавуваат за разрешување на овие поплаки и жалби на граѓаните ги плаќаат граѓаните или тоа е надлежност на самите институции. Ова го велам затоа што имам информации дека при такви поплаки и жалби од страна на граѓаните се бара граѓанинот од една катастарска општина за штетите направени од граѓани од друга катастарска населба бараат да ги плати самиот граѓанин што не е можно така да граѓаните често се откажуваат до овие постапки имаме една хаотична ситуација во тој поглед.

Второ прашање до Министерството за правда.

Дали Министерството за правда има желба оценка и расположение да отвори месна канцеларија во населбата село Октиси од аспект што оваа населба има некаде околу 5 илјади жители и со новата територијална поделба нејзината месна канцеларија што ја опслужува се наоѓа во друг општина.

Третото прашање е до јавното претпријатие Електростопанство на Македонија.

Познато е дека и физичките и правните лица кога плаќаат електрична енергија плаќаат покрај за потрошувачката на струјата како правни субјекти и за улично осветлување. Поставувам прашање дали постои желба и можност на надлежните од Електростопанство на Македонија да извршат инспектирање во здравствените организации кои исто така плаќаат улично осветление, како и сите граѓани, индивидуи, и

да преземат мерки и активности за осветлување на просторот каде што се лоцирани здравствените организации од познати аспекти. Тоа е добро и за граѓаните, а и заштита на самите здравствени институции.

Следното прашање е до јавното претпријатие ПТТ Македонија.

Во населбата Долни Дримкол - Струшко исталирана е телефонска мрежа, меѓутоа, имам информации дека граѓаните плаќаат 200, денари како такса, но неможат да ги употребуваат апаратите за разговор заради тоа што трансформирањето се врши преку соларен систем, а не преку електричен трансформатор, така да луѓето почнувајќи од ноември, декември, јануар и февруар, што е познато кога нема сонце и сончева енергија неможат да ги користат телефонските апарати.

Исто така, познато е дека најголеми инвестиции се во овој сектор и најголеми инвестиционен пораст имаме во Секторот на комуникации па барам да ми се одговори од јавното претпријатие како владино рпетпријатие дали може да преземе мерки и активности за разрешување на ова прашање.

Петтото прашање е до Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство.

Министерството за земјоделие преку своите подрачни единици може да ја заврши следната работа.

Во ридско-планинските и неразвиените краишта, а според Законот за неразвиени краишта стои дека индивидуалните граѓани

Кои се занимаваат со земјоделие во овие краишта имаат право на здравствена заштита која што ја финансира Агенцијата за развој на недоволно развиените краишта. Меѓутоа, потребна е евиденција на оваа материја, а мислам дека компетентната за тоа кои се бави со оваа гранка, како исклучива гранка на занимање а е здравствено осигурен, да тоа може да го направи најверојатно Министерството за земјоделие.

Шестото прашање е во Владата на РМ и тоа за следното.

Познато е дека при финансирање на одредени проекти од област на инфраструктура особено водоводи и патишта врз база на проекти се праќаат парични средства или на општина или на некое јавно претпријатие или на изведувач. Сега имаме една хаотична сфера во потрошувачката на тие средства, па мислам дека треба да се развие една дебата на неколку министерства а тоа е Агенцијата за развој на недоволно развиените краишта, Министерството за градежништво и урбанизам, Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство, за да се створи една координација во следното.

Мислам дека проектите за изградба на вакви инфраструктурни проекти во неразвиените краишта треба да ги нарачува Агенцијата за развој на недоволно развиените краишта од стручни компетентни институции.

Второ, изведувачите на овие проекти исто така на начин и по постапка треба да ги изведува Агенцијата за развој на недоволно развиените краишта и да го насочи финансирањето и контролата на средствата така како што треба. Затоа што ако се

изгради една ваква корелација меѓу овие 3 министерства кои што имаат многу комплементарности меѓу себе, Министерството за земјоделие за водоснабдувањето да финансира и така натаму сите министерства мислам дека ќе се изгради една стратегија на едно рационално трошење на средствата и нивно насочување таму каде што треба. Вака, даде пари ова министерство, одлучи она министерство, парите одат ваму или таму, изведувачи различни и секој во една стара навика мене уште ми треба пари и никогаш неможеме овие работи да ги започнеме и навистина да ги довршиме.

Седмото прашање е следното.

Во недоволно развиените краишта знаеме дека стратегија е изградба на одредени капацитети особено од обласна на текстилната индустрија. Тие беа финансирани од Агенцијата за равој на недоволно развиените краишта. Поставувам прашање чија е сопственоста на овие објекти заради тоа што многу државата со свои средства учествувала во истите и дали го има ова во вид при трансформацијата на општествениот капитал заради тоа што државата има вложено свои средства во овие објекти.

**КИРО ДОКУЗОВСКИ:**

Ја само да одговорам на прашањето дали Министерството за земјоделие преку подрачните единици може да издава потврди дека земјоделците се занимаваат со земјоделска дејност. Тоа го правиме и сега и ќе го правиме и понатаму, доколку некој орган на странките им побара таков документ.

**БОРИС РИКАЛОВСКИ:**

Јас накратко би одговорил на прашањето, во кои гранки има пораст на индустриското производство, а во кои има пад, во однсна минатогодишното и што се превзема таму каде што е опаднато производството, во смисла на подобрување на на состојбата.

За преодот јануари-октомври оваа година, во однос на истиот период од минатата година, вкупниот пораст на индустриското производство во земјата е 2,4%. Пораст е остварен во 17 индустриски гранки, од 32 вкупно, а тие 17 индустриски гранки во вкупното производство учествуваат со преку 71%.

Јас имам податоци за сите овие 32 гранки, кај кој е зголемено и со колку проценти, можам ако е интерес тоа сега да го набројам, а можеме низ една исцрпна информација, тоа и писмено да го дадеме, но само неколку јас би апострофирал. 12,4% имаме пораст во црна металургија, 11,4% во производството на немаетали и неметални минерали, 17% во преработката на неметали, околу 10% при производството на електрични машини и апарати, 22,3% производство на базни хемиски производи, 17,5% во преработката на хемиските производи, околу 20%, производството на пијалаци, 14,5% производство и преработка на тутун и така натаму, во 17 гранки.

XIV/2.-

По значаен пат на производството има во производството на готови текстилни производи, таму имаме 85% во однос на минатогодишното остварување во истиот период, производството на кожа и крзно, 70,4% во однос на истиот период. И некои други кои се над овие проценти, кои се најкарактеристични.

Што се превзема таму каде состојбата покажува негативни трендови. Вие ќе имате прилика да расправате и да ги оценувате мерките на макроекономската политика, што земјата ги предвидува за наредната година, што Владата ги предвидува да бидат применети во наредната година и при тоа ќе имате можност да ги видите сите параметри и да ги анализирате.

Јас само би сакал да кажам, дека оценувајки дека покритична е состојбата во текстилната и кожарската индустрија, тоа податоците го кажуваат, ние посебно внимание посветивме на овие гранки, а имајќи предвид дека и тоа се навистина трудоинтензивни гранки, и од интерес за поголемиот дел на вработените во земјата, посветивме посебно внимание и на Владата и на Парламентот наредните денови ќе предложиме мерки кои сакам да кажам ќе ги усогласиме заедно со групацијата на овие гранки во комората, а тие одат во повеќе насоки. Некои се фискални растоварувања, другите ќе бидат поттикнување на извозот,а при ова е неопходно да се изврши извесни интервенции во постојните одлуки на Владата, а исто така и во некои од постојните закони. Можеме да говориме на широко за тоа, доколку постои интерес, јас можам да се задржам и сега, но доколку е неопходно на господинот Трпеновски да му се пружат посебни детаљи, ние сме во состојба тоа да го направиме.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Треба да се договориме за нешто. Бидејќи е 17,00 часот имаме уште 18 пријавени кандидати кои се пријавиле да постават пратенички прашања. Дали да продолжиме до крај или тука да прекинеме дополнително да ја закажеме седницата? (Дополнително да се закаже)

Седницата ќе закажеме кога ќе продолжиме.

(Седницата прекина во 17,00 часот).